**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 7 март 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Благоја Ханџиски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ќе ве молам, да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните во салата.

Ве молам да гласаме за да видиме колку сме во салата.

Вкупно присуствуваат 74 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

По 24-та точка од дневниот ред се пријави за збор, по редоследот што го имам овде на мониторот, господинот Јонуз Абдулаи.

Пратеникот Јонуз не е тука.

Следниот пријавен пратеник, по овој монитор овде е господинот пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, искрено да ви кажам, цело време слушав дека функционери од СДСМ правеле безобзирен грабеж и криминал. Да бидам искрен, кога ги добивме материјалите од Анкетната комисија, не можев да поверувам дека некој може така неодговорно да ја извршува својата функција, како што тоа го правеле во 1998 година тогашните функционери. Додека сигурноста на земјата била доведена во прашање, за функционерите од СДСМ, како што тоа се гледа од материјалите, побитен бил нивниот интерес, да се злоупотребува положбата и да се трошат пари за набавка на скапи наочари, коњи и т.н., или автомобили од само еден дистрибутер, АСИБА. Затоа можеби сега, семејствата речиси на сите поранешни функционери станаа големи љубители на голфови.

Понатаму од материјалите на Анкетната комисија се гледа дека функционерите од СДСМ се однесувале како да владеат со оваа земја два века, па ја злоупотребувале својата функција, без да се обидат барем да го закријат некако тоа.

Овој материјал, почитувани колеги претставува еклатантен пример како сегашната власт не треба и не смее да ја практикува власта, затоа што треба да се навикнеме дека работењето на секој функционер е јавна работа. Секој функционер треба да одговара за својата работа доколку направил штета за државата. Верувајте дека и сегашните функционери сигурно ќе бидат ставени под лупата на јавноста и на органите задолжени за контрола, доколку ја злоупотребуваат својата должност и тие ќе одговараат пред законот. Токму од оваа причина не ми е јасно како колегите од СДСМ, можат да излегуваат на говорницата и да не убедуваат дека материјалите од анкетната комисија се политички притисок и пресметување на актуелната власт со политичките неисто-мисленици.

Господа, криминалот нема и не треба да има политичка и партиска боја. Криминалот е криминал и вие тоа го знаете, само не знам од каде сега имате сили за да го оправдувате и минимизирате ова пред целата македонска јавност. Затоа би требало да го ставите на располагање целото ваше искуство за да помогнете да се расветли корупцијата и криминалот. Вам како претставници на партија која до 1998 година беше на власт во Македонија, работата на Анкетната комисија треба да ви оди во прилог од најмалку две причини.

Прво, знаете дека корупцијата и криминалот беше една од најголемите причини што во 1998 година ја изгубивте довербата кај народот. Затоа треба да расчистите и вие со криминалците во вашите редови. Ова ви е одлична можност за тоа. Само така во 20 02 година ќе можете да излезете пред народот и да речете, извинете, во 1998 година грешевме и крадевме, но еве расчистивме со криминалците во нашите редови и сега ја бараме повторно вашата доверба.

Втората причина зошто на СДСМ му одговара Анкетната комисија се состои во тоа можеби ќе се убеди дека функционерите на СДСМ биле чисти. Уште подобро за нив, ќе можат да кажат дека тогашната опозиција без аргументи ги напаѓала. Значи пратениците од СДСМ нема што да се плашат од заклучоците на Анкетната комисија. Ако нивните

сопартијци биле чисти овие обвинувања со политичка боја, како што се обидуваат овде да претстават, тоа ќе биде поен за нив. Но ако погледнеме неколку точки од материјалот на Анкетната комисија, ќе видиме дека обвинувањата не се така наивни и не аргументирани.

Морам да ви кажам и една друга работа. Имено неделава во мојата изборна единица во Кавадарци имав средби со повеќе граѓани и на повеќето од нив не им е јасно за каков материјал ние овде расправаме. И сакам накратко да објаснам.

Се работи за 320 страници материјал од кои добри 300 страници се извештаи за работењето со набавките во двете министерства, за Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи и речиси во секоја реченица од тие 320 страници се гледа по некоја неправилност, од типот - на договорот тој и тој нема датум, на договорот број тој и тој нема потпис, или е потпишан нечисто, или пак е потпишан само од едната страна. Со додатни трошоци се направени огромни разлики, дури и неколку пати повеќе од износот на самиот договор. Се плаќале девизи на рака, на пример на едно лице на рака му се исплатени вкупно 93.770 ГМ. Огромен број набавки се извршени со непосредна спогодба, набавки без прибирање понуди од повеќе добавувачи, на многу документи и спецификации при копирањето се покриени цените, исплатен е износ за не испорачана роба, не наплатени камати, набавена стока за која што воопшто немало потреба, набавена не исправна и не употреблива храна, договорени се поголеми цени од цените дадени во понудата, одобрување аванси без барање од страна на добавувачите, еден куп договори за набавки од по неповолни или најнеповолни добавувачи, доведување во монополска положба на некои добавувачи, набавки без решенија за набавки, делење на набавките на повеќе делови за да се избегне обврската за јавно обавување и т.н. до бескрај. Не би можел и не би имало смисла да набројувам уште какви се неправилности има во материјалот, на секоја од оние 300 страници што ги добивме. Примери има безброј. Јас сум навистина запрепастен. Едноставно човек не може да се одлучи кој пример да го одбере, Буџет од пребогатиот избор. И за сето тоа очигледно постојат документи, а колку ли само работи не се откриени или за нив не постојат документи, останува само да претпоставуваме. И во секој од овие случаи се работи за злоупотреба на службената должност за неправилно одлевање на огромни средства од овие министерства, за разни приватни фирми или поточно кажано џебови. Секому станува јасно дека тие министерства за тоа време за оние што одлучувале како ќе се трошат парите, претставувале вистински елдорадо.

И замислете за сето тоа добивале уште и плата. Но добро, сега останува на надлежните институции да утврдат, според расположивите документи каде е прекршен законот и според тоа да определат и соодветни санкции, иако тоа некако многу се одолговлекува.

На крај би сакал да подвлечам дека нам како народни претставници треба да не интересира и другата димензија на недомаќинското трошење на средствата во две клучни министерства, клучни за безбедноста на граѓаните и воопшто за безбедноста на државата. Не би сакал ниту да помислам што ќе се случеше ако се проширеше минатогодишната војна и кај нас, или ако настанеа некои поголеми немири во тој исклучително опасен период. Знаеме сите каква е и каква беше опременоста и наоружувањето на нашата Армија. За тоа каква е опременоста на нашата полиција расправавме на неколку седници овде во Собранието. И тогаш наместо да се купувало оружје, наместо да се купувало потребна опрема за припадниците на АРМ и МВР, наместо средствата наменски да се користеле, се купувале слики скулптури, коњи, наочари за сонце од по 60 долари, се спонзорирале, се купувале секакви книги и што се уште не и се толерирале сите оние неправилности при набавките, со што се одлеале огромни државни пари, што сепак секој ќе се согласи дека е за секаква осуда, особено кога се знае дека се тоа пари на граѓаните на Република Македонија, а знаеме во каква економска и социјална положба е државата. Значи од овој материјал се гледа колку неодговорно се распределувале средствата, за какви намени се користеле и колку е злоупотребена службената положба. Затоа јас почитувани пратеници потполно го прифаќам Извештајот на Анкетната комисија и предложените заклучоци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на дискусијата на господинот Илија Пемов.

За збор се јави пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, сметам дека непотребно пратениците се одвоија по однос на едно прашање, околу кое на крајот сепак произлегува дека сите имаат една заедничка констатација дека ваквите појави би требало да се обидеме да ги сведеме на минимум,

односно да бидеме единствени во нивната осуда.

Мислам дека како пратеници предизвикавме малку дилеми во јавноста која ја следи оваа седница и расправата по однос на Анкетната комисија, дали некој од нас како пратеници застанува во одбрана на одделни негативни појави кои, еве и во Извештајот на Анкетната комисија се констатирани, односно дали нашиот став зависи од пратеничките бои што ги имаме. По однос на ова мислам дека треба да се обидеме да заземеме еден правилен став, односно сите заедно да ги осудиме појавите кои што се за осудување.

Впечатокот кој што се стекнува во Собранието е дека од една страна СДСМ се обидува дури да ја избегне оваа расправа. Мислам дека не и оди во прилог и на самата опозиција, а ниту на позицијата од едноставна причина што на почетокот, при конституирање на оваа комисија и опозицијата прифати да земе учество во една ваква комисија, се со цел да се разјаснат случаите што и во минатиот собраниски состав испливаа на површина како негативни појави. По однос на тоа, мислам дека треба да се искористи оваа расправа, од една страна да се разобличат случаите на груби нарушувања на правниот систем и од друга страна да се даде до знаење и на позицијата која што моментално владее дека истото утре ќе се случи и со нив кога некоја друга Анкетна комисија ќе расправа за истите овие работи.

По однос на самиот Извештај, мислам дека и во текот на испитувањето на Извештајот имавме одредени недоразбирања по однос на третманот на ова прашање, имајќи ја предвид законската регулатива, според која што се одвивале и самите набавки и како што е дадено и во Извештајот на Анкетната комисија постојат три периоди во кои што се работело и со кои било покриено од законски аспект. Тоа е до 1996 година кога јавните набавки се вршени по старата регулатива, од 1996 година, од 2 декември, 1996 до 1998 година постоела уредба за јавни набавки и во 1998 година е донесен Законот за јавни набавки.

По однос на тоа сакам да укажам што и во Комисијата укажавме дека сепак може да се констатира дека владеел монопол, непосредни спогодби, но сепак немале законски обврски да спроведуваат такви постапки кои биле обврзани да ги спроведуваат од 12 јуни 1998 година, кога е донесен Законот за јавните набавки.

Инаку по самите констатации до кои е дојдена Комисијата, мислам дека посебно треба да се обрне внимание на констатациите за работењето во МВР. Лично сметам дека нарушувањето на постапката, односно штетните договори и самоволието таму најповеќе се дојдени до израз и мислам дека тоа треба и да се обзнани и да се осуди една таква појава. Посебно за осуда е практиката за користење на средствата од касата на МВР, кои според искажувањата на одговорните од МВР биле пари одземени од граѓаните кои биле на чување таму, а не во судот како што претпоставувам дека е во сегашниот момент и тие пари за вистинско чудо биле користени по налог на министерот за опремување на вилата и за разни други потреби во Министерството, што од една страна претставува грубо кршење на елементарните потреби на работење во самото Министерство, а од друга страна злоупотреба на средствата кои им припаѓаат на граѓаните кои биле случајно затекнати во Министерството.

И во овој случај и понатаму се забележува дека целата работа е вршена на рака, со фактури кои биле давани еден на друг. Мислам тоа е една појава која апсолутно не би требало да се толерира. Упатувам апел до Јавното обвинителство, навистина, со оваа појава сериозно да се зафати и одговорните да ги стигне заслужената казна.

Понатаму, сметам дека исто така внимание треба да се обрне на постапката за определување на добавувачот за обрасците, пасошите и другите документи, затоа што овие денови, поточно мислам тоа беше во саботата во печатот директорот на СУЗ, целата оваа работа ја коментира на следниот начин: "Пасошите биле стока која што исто како човек купувал од пазар, сакал купува, не сакал не купува". Значи не мора да се води сметка за заштита на граѓанинот, кој сепак би требало да биде заштитен од страна на државата и да не мора да биде подвргнат на уплата на средства кои, нормално тој не би требало да ги уплаќа. Мислам дека ваквите констатации за нас како пратеници се апсолутно не прифатени. Тој што води грижа затоа би требало да се обиде по што пониска цена да ги задоволи потребите на граѓаните, а не да постои некоја пазарна логика колку може да плати максимално, нека плати некој што мора да плати, затоа што сепак пасошот не е луксуз туку потреба на граѓаните со кој ги остваруваат своите елементарни права на движење, слобода на комуницирање и т.н.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Инаку, што се однесува до самиот Извештај, мислам дека претседателот ќе се присети на тоа дека и во самата Комисија

имавме некои поделени мислења, околу тоа дали треба да се набројат имињата на сите тие што Комисијата констатира дека биле на одредени раководни функции во Министерството, посебно што ние како Комисија не можевме да констатираме кој лично е одговорен за утврдените пропусти што се направени, а морам да кажам дека навистина ги имаше, затоа што од разгледаните материјали се забележува дека голем број има остварени договори без тендер, односно со непосредна спогодба, што сметам дека исто така треба да биде објект на анализи од страна на Јавното обвинителство. Но, јас изразувам одредени резерви по однос на списокот на имиња што е доставен до нас како пратеници и до јавноста, затоа што лично не сум сигурен дека сите лица, тука наброени по однос на Извештајот, а се однесува на Министерството за одбрана, се навистина сите тие луѓе одговорни за сите тие работи, иако по однос на функцијата што ја вршеле во Министерството, апсолутно, политичка одговорност, доколку навистина се констатира дека имало одредени пропусти им следи.

На крајот, би сакал да укажам дека целата оваа расправа нема да биде плодна, односно нема да извлечеме никакви заклучоци, доколку само ќе констатираме нештата. Мислам дека треба да извлечеме одредени поуки од оваа работа, од оваа расправа што се води денеска.

Како прво, можеби некој ќе ми помогне во тоа, иако не сум упатен до крај, но сметам дека дефинитивно склучувањето на штетни договори по однос на било која институција во државата треба да се санкционира како кривично дело и да не се толерираат лицата кои склучуваат такви договори, да се извлечат лесно само со еден укор или само евентуално со сменување од функцијата што ја вршат. Треба да им следи соодветна казна.

Понатаму, една од причините поради кои се соочуваме со вакви појави е и немање финансиски средства за функционирање на партиите. Вака како што е поставен системот, ја стимулира оваа појава во партиите. Тоа беше исто и во минатото и сега е. И тогаш слушавме и од нас самите да не ги финансираме подобро партиите затоа што, покрај нас ќе мора да се финансира и опозицијата. Претпоставувам дека истата логика и сега е, при ваков став што се има за не финансирање на партиите. Сметам дека ова прашање е многу важно да може да функционира правниот систем. Доколку не се сменат нештата, мислам дека многу тешко ќе се излезе на крај со овие појави.

Едно од прашањата што може многу да влијае на сузбивање на овие појави е деконцентрацијата на власта, што сега е само во рацете на еден човек. Додека имаме ваква појава, кога министер на одреден ресор или директор на одредено јавно претпријатие одлучува, буквално за сите прашања што се однесуваат на целата Република, апсолутно сме ја концентрирале власта и нормално, понатаму тешко може да се ослободи од моментите на искушение што може да се јават или пак од притисоците што произлегуваат од самите партии.

Сметам дека деконцентрацијата на одговорностите на власта на пониско ниво и контрола од повисоки нивоа, може многу да помогне во сузбивањето на овие појави.

Се разбира, за поздравување е и ставот на позицијата што е подготвена по барање на опозицијата да оформи Анкетна комисија, што ќе се занимава со набавките од времето во кое што делува оваа власт. Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Мевљан Таири за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, јас не чувствувам потреба да бидам опширен при оваа дискусија, бидејќи минатиот пат се произнесов околу некои многу важни прашања, според мене круцијални, начелни прашања, а тоа прашање беше од аспект на двоаршинското однесување на оваа наша институција, односно Собранието на РМ.

Имено, се работи за уставни механизми што се однесуваат на контрола на извршната власт од страна на оваа власт. Фактички, ние се однесуваме двоаршински, од причина што еднаш тука се покренува интерпелација за луѓе кои во моментов не ги водат тие ресори и не се прифаќа со образложение дека тоа е веќе беспредметно, а формираме анкетна комисија за луѓе кои, исто така не ги водат тие ресори и нема исходот на оваа расправа да предизвика политичка одговорност. Но, ова прашање го објаснив минатиот пат.

Излегов тука, бидејќи имаше најжестоки напади и несогласувања во однос на мојата претходна дискусија и затоа, со неколку зборови ќе се обидам до крај да го објаснам тоа што беше поента од мојот минат исказ.

Разговарајќи со повеќе луѓе кои, според мое убедување ја познаваат состојбата и ги познаваат односите и знаат како треба да функционираат институциите на државата, искрено не им е јасно зошто воопшто ова Собрание неколку дена расправа по оваа точка. Значи, готово секој еден од нив го поставува прашањето зошто Вие дискутирате и што е целта, каде ќе стигнете, односно каква ќе биде завршницата на ова Собрание и што се последиците од тоа што наводно тука бил договор или одлука на ова Собрание?

Некои се склони да размислуваат во насока на тоа дека оваа институција ова Собрание си зема за право да прејудицира судски одлуки и судски процеси. Имено, си замислуваме ние, еве тука, можеби мнозинството, може и ќе го подржи Извештајот на Анкетната комисија, тоа е добро, но што ќе биде ако надлежниот суд ќе реши спротивно на нашата одлука? Тогаш тука се поставува прашањето на кредибилитетот, на компетенцијата на ова Собрание. Да беше во прашање обидите од некои политички центри, за да ја спречат постапката пред надлежните правосудни органи, јас мислам дека тогаш сосема во право ќе бевме, ние тука како Собрание да дискутираме и донесуваме соодветни заклучоци.

Сигурен сум, а веројатно сите сте убедени дека не постојат такви центри на моќ што имаат таква политичка сила, барем во однос на овој предмет што е пред нас, да ја спречат постапката пред правосудните органи. Тука понајмалку ја има таа сила групата, фактички нема никаква ефективна власт, барем засега.

Или пак ова комплетно се прави од маркетиншки причини или цели, од причина што изгледа, сегашната власт во голема мерка го изгуби кредибилитетот за да ја води оваа држава и понатаму. Коалицијата за промени, ако добро се сеќавате, а веројатно сите се сеќаваме, на широки врати, по митинзите и после тоа и после изборот на Владата, ја лансираше тезата за забрзано донесување на Законот против корупција. Тоа ќе беше добро, условно, да беше така. Меѓутоа, не беше така,

Што се случи потоа? Се случи нешто друго. Во првата фаза од страна на Владата се предлага предлог за донесување на закон против корупцијата. Потоа, бидејќи наводно се работи за многу важен закон, многу било важно да се консултираат компетентните структури, па и одделни луѓе кои можат да придонесат околу конструктот на законот и тоа нарекуваше јавна расправа. Тоа течеше со месеци. Потоа да дојде извештај од јавната расправа, дека биле квалитетни мислењата и предлозите и т.н. што треба да се земат предвид, па потоа да испрашаме некои меѓународни структури околу овој многу важен закон, па експерти, а целта беше да се одолговлечи ова прашање, за да не се донесе овој закон, од причина што во голема мерка овој закон ќе го стесни просторот за манипулации во сферата на финансиите и корупцијата.

Ние сме тука, како Собрание, првенствено да изнајдеме решение, толку колку имаме можност, за виталните потреби и интересите на граѓаните, а тие се првенствено од економска, социјална сфера, развој на демократијата, правата на човекот и т.н., што изгледа не премалку, туку скоро ништо не се прави, дури некои процеси се уназадени и во сферата на економијата и социјалата, развојот на демократијата, човековите права и т.н. Тука мора тоа да се констатира.

Значи, ние сме тука за овие проблеми. А, правната држава нека си го прави своето. Меѓутоа, едно мора да се расчисти, бидејќи само поинаку да се размислува и да се постапува е самоубиствено, правната држава понајмалку би требала да значи партиска држава. За жал, ние, во сите пори и во сите сфери на важните механизми на функционирање на државата делуваме партиски. Тоа е многу трагично и верувајте уште потрагично ќе биде понатаму.

Разговараме за тендери и работи што, според мене се пропусти. Противзаконски се и кога сме кај противзаконското однесување, јас се прашувам и после фактот што ние имаме законско покритие на оваа сфера, односно имаме Закон за јавни набавки, сепак во голема мерка некои сегашни министри, министерства работите ги прават така како што ги прават, без тендер. Тука, со право се и шпекулациите и претпоставките и префункциите и т.н.

Тука веќе се работи за прекршок, директно за прекршување на закон. Замислете, во некоја цивилизирана западна држава каде претендираме да се вклучиме, само за некој ситен сообраќаен прекршок министерот поднесува оставка. Тука ние имаме состојба кога министер грубо прекршува закон и ништо не му фали.

Некој од дискутантите минатиот пат реплицираше во однос на моето укажување дека според некои информации од меѓународни структури, тоа според мене се важни структури, корупцијата во Македонија

е во пораст некаде шест пати. Повелете, земете некои поситни извештаи па ќе се уверите дека е тоа така. Јас верувам дека во иднина ќе се излезе со конкретни цифри за ова прашање.

Затоа е време не да го проучиме ова прашање, туку да проучиме уште нешто друго. Крајно е време да се проучи како до една реално правна држава, како да може судството да функционира врз основа на законите, а не партиски. Кои сегменти треба да се сменат, па и во законите. Финансискиот аспект, изборот на Судскиот совет, начинот на изборот, постапката и т.н. Избор и разрешување на јавните обвинители. Ова се важни сегменти ако сакаме да градиме правна држава што почнува од судството. Поинаку и понатаму ќе расправаме и ќе констатираме, а граѓаните очекуваат од нас нешто сосема друго. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мерсел Биљали за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Манчев Васе.

**ВАСЕ МАНЧЕВ:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани дами и господа пратеници, пред да го кажам тоа што сакам да го кажам, сакам јавно да ветам дека ќе бидам краток во кажувањето и дека ќе го исполнам своето ветување.

При вообичаените средби со граѓаните, не само во изборната единица од каде сум избран, го следам нивното размислување по сите позначајни прашања со кои се занимава Собранието на РМ. Морам да нагласам дека при тоа, доаѓам до исклучително корисни и квалитетни сознанија што заслужуваат пошироко принципиелни вниманија.

Тоа што јас го правам не е никаков исклучок. Убеден сум, имено, дека сите пратеници имаат такви активности и дека имаат уште позначајни сознанија од почитуваните граѓани што ги испратиле како свои претставници во Собранието на РМ. Но, при сета таа моја убеденост, сепак сум изненаден што речиси, никој во оваа тридневна дебата не ги спомна токму нив, граѓаните на РМ. Во чие име и во чиј интерес овде се расправа, барем како што признаваме.

Нема да се обидам да ги советувам можните причини за еден таков однос, туку само ќе потсетам дека голем број од нив, граѓаните на РМ, соочени со темата по која Собранието трет ден расправа со променлив квалитет, би сакале ниту една од причините за основање и работа на Анкетната комисија да нема никаква реална основа, да биде само последица на една погрешна проценка. некој вид, би рекол, лош расказ, промашен роман, некаква неуспешна конструкција, зла фикција. Ним не би им пречело и да е тенденциозна политичка игра, некаков политички маркетинг, како што овде многу пати беше кажано.

Согласни се и би сакале тоа за што овде толку долго и толку лошо се дебатира да биде се друго, само не вистина. Само не и никако не тоа што, за жал е, тажна и опасна вистина за бројни, тешки и депримирачки појави и примери на не одговорно, не совесно, не морално и не законско однесување на грозоморни злоупотреби на овластувањата, на бескрупулозно загрозување на интересите на државата и граѓаните.

Зошто граѓаните не сакаат и не смеат да поверуваат дека, навистина, е точна и непобитна таа страотна емпирија изнесена во документите што ни се дадени.

**МАНЧЕВ ВАСЕ:** (Продолжение)

Затоа што таа е поразувачка и затоа што сите заедно не соочува со едно страшно издание на нашата македонска стварност, наспроти тешката социјална беда, вистинска парада на не одговорно однесување. Така станува разбирливо зошто толку невино и толку инфантилно граѓаните сакаат да ја избегнат опасноста и зла смисла на она за што Собранието на РМ се расправа. Затоа што се плашат од грозната вистина, затоа што таа е кобна за нивното неопходно чувство и чиста човечка потреба од висока свест, чесност, одговорност, хуманост и доверба, чувство и потреба врз кои се заснова смислата на секој заеднички живот, моралот на секоја човечка заедница, цврстината на секоја држава. Зошто токму тие се топат како восок на пламенот на не човечноста и се обесмислуваат во зла безобличност и беда во која се губат и поништуваат основните човечки вредности и се газат најзначајните категории на човековото општествено живеење. Така реагираат граѓаните, затоа што стравот е најприродната реакција на секое загрозување. Осудата и казната се разбора следуваат отпосле како нужност од заштита и одбрана од злото.

Проблемот за кој Собранието на РМ расправа сега е толку многу тежок, сложен, длабок и опасен и поради тоа што е повеќегодишен. Тој почна, да се потсетиме уште со преобразбата на социјалистичкото општество во капиталистичко. Дрската и безобзирна склоност со леснотија да се посега надвор од законот и овластувањата, да се заграбува туѓ народен имот и не

народно да се трошат народните пари, својата најсилна инспирација ја доби на почетокот на т-н. транзиционен процес во штотуку конституираната кревка и меѓународно непризнаена РМ. Со стартувањето на тој процес беше создадена интерегнум ситуација, ситуација на правна импровизација во која се разгоре пограбувачкиот инстикт за бездушно приграбување на народниот имот, кој до тоа време беше како што сите се сеќаваме претежно во колективна сопственост наречена општествена. Со промената на системот таа форма на сопственост беше суспендирана и тој дел од народниот имот стана како што уште се знае, ничиј. Така тој беше осуден на грабеж и беше ограбен, не баре тоа беше најнормалното нешто. Власта која тогаш ги креираше капиталот и односите во РМ мошне креативно во таа зла смисла одбра и соодветен модел на приватизација кој овозможуваше многу махинации и злоупотреби на штета на интересите на граѓаните. На очиглед на сите загрижени за судбината на скоро родената самостојна независна и суверена држава се огради и изгуби и обезвредни народниот капитал, се создаде армија безработници, стечајци, социјалци и клетници. Се создадоа сите зли услови за не морално, не законско, не хумано однесување. Народот ја чувствуваше отровната горчина на измамата, се виткаше под ударите на кражбата, потемнуваше социјалниот портрет на РМ, но никој не се запраша каде тоа ќе ја одведе државата, што ќе се случи со невиниот народ. Разбирливо и не презеде ништо за да ја запре таа невидена, таа грозоморна неправда. Како што е познато потоа течеа мандати на владеење од името на граѓаните на РМ накитени со не оделиви проекции на народна среќа и благосостојба од една страна и длабоко осенчени со незапамтени примери на неморално однесување, кон истиот тој народ од друга страна. Просто галопираше еден стил на однесување карактеристичен токму со неверојатните безобзирно ограбувачки вештини, итрини, махинации и безобразлаци. Стил кој означи еден неморален начин на владеење и се наметна како критериум за успешност, снаодливост, способност и интелегенција наспроти чесноста, одговорноста, моралноста, хуманоста кои се квалификуваа како ознаки за глупавост, не способност не доветност, смотаност, кусогледост и редица други која од која потешки негативни конотации. Во еден таков превентивен систем на вредности разбирливо Мефистотел го зеде местото на бога. Достоевски залудно предупредуваше дека кога го нема бога, кога е поништен врховниот принцип на доброто, настанува зла состојба во која се е дозволено. И беше и се отиде најдалеку. Многу од тогашните носители на власти и јавни овластувања, секоја чест на чесните исклучоци почнаа да се однесуваат како да им е дозволено токму се, како да нема никакви ограничувања, небаре државата и нејзините вредности им се дадени како безусловна сопственост за бес и уживање и се претворија во сложни попови што мрсат и во петок. И богами добро се омрсија. Речиси преку ноќ, според некој принцип на хокус покус волшепство станаа богаташи кои дури ни самите себеси не можеа да се препознаат во новите улоги. Се влечеа кредити од странство, течеа пари во РМ, но и сите финансиски потоци да се влеваа во неа, таа ќе останеше сува. Додека секој заем од 30-тина милиони марки, или долари се славеше како голем подвиг во домашните финансиски бездни, како ТАТ и слични исчезнуваа стотици милиони. Се се товареше на плеќите на народот и таа формула беше волшебна. Така злото функционираше до некое свое совршенство. Последиците се за жал познати. Будењето на свеста, совеста и во подигањето на одговорност се стиган до оваа наша анкетна комисија, до нејзиниот извештај и до документите и оваа расправа во која од една страна се признава неопходноста од борба против криминалот, а од друга страна се настојува тоа зло да се изрелативизира прикрие, дури и да се оправда. Без и да се помисли дека правдањото и прикривањето на злото од ваков карактер всушност е уште потешко и по опасно зло, особено ако се соочиме со поразителен факт дека овие примери кои се предмет на оваа расправа се само дел од големото зло, дека се само мал дел од тоа големо зло против народот и дека мора да биде осудено и премавнато, токму од името на народот, од граѓаните на РМ, зашто тие се оштетени. Се разбира конечниот збор ќе го кажат конечните инстанци повикани да постапуваат по ваков вид зла. Но мора да се каже дека овој тежок проблем има јавен карактер и дека постои јавен интерес тој да биде целосно решен и ефикасно премавнат. Тој мора да се гледа како тешко општествено зло промовирано и практикувано како форма на владеење во РМ, кое ги оптоварува нејзините граѓани. И затоа секој обид за борба против него кој има правна форма и законска основа мора да се смета за неопходен и драгоцен. Затоа што побратимвството со злото е пат кон пропаст.

Почитуван г-дин претседател, почитувани дами и господа пратеници ви благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, анкетната комисија за јавни набавки успешно ја изврши работата и со нејзиниот извештај даде права слика за неправилностите и пропустите во работата на ресорните министерства. Извештајот на Анкетната комисија побуди голем интерес кај пратениците, што се гледа од голем број на дискутанти тродневната расправа, а уште поголем е интересот кај граѓаните во тоа какви ќе бидат заклучоците на Собранието. Анкетната комисија констатира дека постои сомнение кај голем дел од набавките и злоупотреба на службена положба, односно набавките се вршеле директно по пат на спогодба без јавен повик, без повеќе понуди каде се договарани суми повеќекратни од реалната вредност на стоката, или услугата, кои суми беа цитирани во претходните дискусии. Тоа е во случајот на МВР, преводи на разни материјали, разни спонзорства, набавка на обрасци, опремување на гостинската вила на МВР, набавка на оклопни транспортери, набавка на наочари, слики, скулптури и др. Не одговорното однесување на поедини министри и функционери кои за кратко време се збогатија користејќи ја својата положба останаја не казнети. Зачудува фактот како може толку не одговорно да се однесуваат луѓе, министри, функционери од кои народот очекува да ја водат државата во подобра иднина и економски просперитет. Наспроти тоа тие секојдневно економски ја поткопуваат и осиромашуваат државата, изигруваат некои си босови. Од друга страна народот е се по сиромашен, поголема е социјалната беда, а тие преку ноќ станаа привилегирана класа. Нивните деца се школуваат во странство, нивните фамилии се лекуваат во странство, возат луксузни автомобили, купуваат претпријатија, станови, куќи, дуќани и т.н. Се знае од плата што може да се спечали.

Ете зошто барам енергично Собранието како највисок законодавен дом на државата, да ја зголеми контролата врз трошењето на Буџетот кој го донесе Собранието и да стави крај на ова незаконито трошење на буџетските средства кои се собираат од сите граѓани на Македонија. Да се земат на одговорност сите кои се погрешиле спрема законот, судските органи, обвинителството да почнат по ажурно да работат и да се стави крај на оваа појава криминал, мито и корупција, која наместо да се искоренува, таа зема се поголем замаф.

Го поддржувам предлогот секои шест месеци Анкетната комисија да врши контрола на набавките во министерствата па и јавните претпријатија и да дава извештај на Собранието.

Го прифаќам извештајот на Анкетната комисија за јавни набавки.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, на оваа седница трет ден во продолжение расправаме за злоупотребите со јавните набавки, направени од страна на врвни функционери во МВР и во Министерството за одбрана.

На увид го имаме материјалот што педантно го има сработено Анкетната комисија, по извршениот инспекциски надзор во МВР и одбрана во кој прецизно се наведени видот, обемот и носителот на извршената злоупотреба со цело име и презиме. Јасно и убаво се гледа кој за која сума на буџетски средства на народни пари ја оштетил државата Македонија и нејзините граѓани. Ние за сето тоа расправаме трет ден по ред, а Собранието и Анкетната комисија неколку години наназад: безуспешно се занимаваат со овој проблем, не располагам со најточни податоци, но мислам дека Собранието по иницијативата на тогашната либерална партија ја основа првата Анкетна комисија во 1995 година. Во меѓувреме не се измени два или три состави на Анкетната комисија, таа работеше како што знаеше и умееше. Приложувајќи на увид какви, такви докази за извршени повреди на Законот и сторени злоупотреби во јавните набавки.

Пет години поминаа, а ми се чини така ќе помине и оваа, но до некој конкретен резултат не дојдовме, ниту пак како што стојат работите ќе дојдеме. Не изразувам песимизам, но се прашувам самиот себеси, а и вас ве прашувам како човек да биде оптимист кога станува збор за случајот за јавните набавки, како да неверувам дека трудот и на оваа Анкетна комисија нема да ја доживее судбината на претходните. Ќе понуди на увид црно на бело, се што е правено надвор од законот, се што е правено со цел за остварување за лична корист, со што се оштетени државата и народот, бидејќи тоа се нивни пари, за да на крајот сето тоа заврши без судски епилог. На нејзините наоди, или ако сакате индиции за сторени кривични дела се прашувам, дали овој пат ќе реагираат Јавното обвинителство и судовите. До сега не реагираа, а имаа милион причини за тоа. Зошто? Јавноста, а ние го очекуваме тој одговор.

Се прашувам што се треба да направи Анкетната комисија, до какви нови откритија да дојде со кои нови докази и аргументи, да ги поткрепи сите свои наоди за да ги убеди обвинителството и судските органи дека во некои државни органи во МВР и одбрана на пример тие и тие функционери, Лазар Китановски, Љубомир Фрчковски, на пример заради непочитување на законот ја оштетиле државата за одредена сума на пари, односно денари, а и девизи. Човек треба само да ги отвори и прелиста страниците на записниците од извршениот инспекциски надзор на Анкетната комисија извршено во МВР и во одбрана и да се соочи со една слика на ужас и пустош, слика која повеќе од се говори за една просто несфатлива човечка лакомост, за еден невиден јавашлук и не домаќинско однесување, за едно тотално не одговорно вршење на најодговорната функција во државата, за една исто така невидена демагогија на интелектуалци, универзитетски професори, кои во понеделникот и вторникот ги учат студентите што е тоа правна држава, а во среда, четврток се до недела ја крадат својата држава, покажувајќи на сите нам за жал како таа не функционира.

Тоа што тие го правеле верувам дека не е можно да се замисли ниту во најбујната фантазија на обичниот криминалец. Властодршците во овие министерства во тоа време очигледно немале ни страм ни перде, немале ниту минимум почит кон функцијата што ја вршеле, кон државата во чие име работеле и конечно кон народот на кој наводно и му служеле.

Затоа по малку и се чудам како некои пратеници од СДСМ, според мене заслужуваат секаков респект. Дозволиле да станат заложници на криминално однесување на своите некогашни министри, а сега со сета сила ги бранат иако сум убеден, не веруваат во нивната чистота и невиност. Тоа е тој не принципиелен став.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:** (Продолжение)

Ако добро ја разбрав пораката, би требало да гласи: "Наште крадеа, ама сега и вашите крадат". Значи квит сме. Не. Не сме квит. Ова за нас е крајно не прифатлив став. Нашиот став треба да ја изразува определбата секој функционер што ја злоупотребува функцијата, или што ќе ја злоупотребува за лична корист и што ќе ја оштети државата, треба да сноси одговорност во согласност со Законот. Цврсто сум убеден дека сите оние граѓани што ја поддржуваат правната држава и веруваат во институциите на системот, без оглед на која партија им припаѓаат, интимно посакуваат случајот со јавните набавки да добие судска завршница. Виновниците односно оние кои ја оштетиле државата со, како што може да се види од извештајот на Анкетната комисија, огромна сума на пари да бидат изведени пред лицето на правдата и да одговараат за своите криминални дела. Верувам дека обвинителството и судовите на тој начин ќе можат да ја вратат довербата на граѓаните.

На крајот, сосема кусо да се осврнам на еден според мене значаен аспект со случајот на јавните набавки. Веројатно сите забележуваат дека поширокатa јавност полека но сигурно го буди интересот, ако веќе и го нема сосема изгубено, за расправата што овде во Парламентот ние ја водиме, за случајот со јавните набавки. Според мене првата причина е тоа што во државата има толку многу други проблеми и настани кои со голема брзина се менуваат и се потиснуваат една со друга, како што логично вниманието на јавноста се фокусира на настани кои во моментот се можеби по атрактивни или по интересни за нив. Меѓутоа, зошто е тоа така? Јавноста не е повеќе заинтересирана за овој случај, а тоа најдобро може да се констатира од новинските извештаи, кои стануваат како времето поминува, се покуси и се потенки.

Оваа расправа дефинитивно не е атрактивна за јавноста, затоа што таа многу добро знае дека ние овде, ќе ми опростите на изразот млатиме празна слама. Расправаме за не законитоста, злоупотребата со јавните набавки, за тоа дека државата е оштетена со милион марки, за тоа дека некои едноставно крадел.

Анкетната комисија укажува дека имало многу злоупотреби дека сите тие злоупотреби ги направиле функционери со име и со презиме, од кои за жал некои седат тука со нас во овој Парламент. Но, исто така на сите ни е јасно дека овој труд ќе биде залуден ако целиот случај, повторувам, не добие правна разрешница, така како доликува на секоја држава која се држи до својот правен интегритет.

На крајот сакам да искажам моја целосна поддршка на заклучокот на Анкетната комисија и воедно да изразам благодарност за сите нејзини членови кои вложиле голем напор во извршување на оваа задача.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Александар Трпевски за учество во распрата.

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

**АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, веќе неколку дена зборуваме за Анкетната комисија која со своето совесно работење открила криминални дејствија, за време на владеењето на СДСМ и ПДП.

Веднаш на почетокот сакам да истакнам дека работата на Анкетната комисија, според мене има двојно значење. Од една страна ги обелодени криминалните дејства направени од бившата владеачка структура, а од друга страна дава силна опомена на сегашната владеачка гарнитура, да не помислува да прави било какви криминални дејства со народните пари, зошто ќе биде брзо откриена и ставена на столбот на срамот, а посебно пред суд како што е сега случајот сега со функционерите на бившата владеачка структура. Анкетната комисија има откриено нечесни криминални работи.

Овде, почитувани дами и господа пратеници, сакам да потенцирам дека не можам да ги оправдам поедините настојувања од страна на СДСМ и ПДП, кои што грчевито се борат да докажат дека криминални дела направени од нивните членови за време на нивното владеење се незначајна работа и на некој начин сакаат да ги оправдаат или барем да ги воопштат со зборовите: "Еве и вашите права слични или полоши криминални дела".

Дами и господа, сега на дневен ред се криминалните дејства што Анкетната комисија ги согледала од членовите на бившата владеачка структура и нив треба да ги осудиме едногласно. Тие го оштетиле целото македонско општество. Во таа смисла, предлагам да и го продолжиме мандатот на Анкетната комисија и доколку откријат криминални дејствија направени од сегашната влада, сите енергично да ги осудиме и како што е редот да се дадат на суд, да се спречи заедничкото зло, а тоа е криминалот и не домаќинското работење. Само така ќе можеме да се спасиме од арамиите и ограбувачите на својот народ. Овде слушнавме искажување од еден пратеник од СДСМ, дека повеќе набавки се правени правилно, а помалку неправилно. Какво е тоа оправдување ве молам господа пратеници од СДСМ? Не смеело да има ниту една неправилност, а не како што велите повеќе дека биле правилни, а помалку неправилни. Со тоа се тешите и пред народот се оправдувате.

Меѓутоа, господа да го земеме примерот со иглата, како најмала вредност. Ако му ја украдете на шивачот и го оставите без игла, тој и неговото семејство ќе изумрат од глад, зошто за некои оваа работа е мала, но за другите е огромна, затоа нема голем или мал криминал. Криминалот е опасна работа за секое општество и треба во корен да се исече. Овде почитувани дами и господа сакам вашето внимание да го свртам кон не ажурноста на поедини судии, кои треба да покренат обвинение. Во Информацијата добиена од Јавниот обвинител може да се види дека има пријави за криминални дејства, поднесени уште во 1997 година, па потоа во 1998 година и најповеќе во почетокот и средината на 1999 година. Секаде се кажува дека истрагата се уште не е завршена.

Ве молам господа пратеници зарем еден век е потребен, еден истражен судија да открие дали има криминално дејствие и да се даде предлогот на Јавното обвинителство и тоа да покрене обвинение пред суд или предметот да не се пријавува за кој пости пријава.

Затоа, овде апелирам судиите, не сакам овде да ги именувам, иако ги има нивните имиња и презимиња во Информацијата, да си ја свршат работата. Ако не се кадри тоа да го направат, да му го отстапат местото на другите што можат брзо и ефикасно да дејствуваат и да го спасат македонското општество од арамиите кои за жал многу брзо се множат, искористувајќи ја спороста на Јавното обвинителство и судовите.

На крајот, во вид на резиме, сакам да ги истакнам следното:

Прво, едногласно да ја прифатиме Информацијата на Анкетната комисија и да им се заблагодариме на членовите што успеале таква макотрпна работа да завршат.

Второ, да и се продолжи мандатот на Анкетната комисија да врши согледување во јавните набавки и во најново време.

Трето, апелирам судовите ажурно да работат, затоа што криминалците се ќе испокрадат и нив ќе ги испокрадат. Ќе останеме еден ден сите голи и боси.

Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Михајло Георгиевски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги и почитувани министри, не се тука.

Кога се јавив за дискусија морам да ви кажам, до крај ќе бидам искрен, некои од моите колеги ми рекоа немој да се јавуваш за

дискусија, ти не знаеш што се тоа јавни набавки и нема што да кажеш. Но, морам да ви кажам колеги мои почитувани, многу е лесно да се дискутира и да се даваат оценки во "пасе композе", но минато, затоа што се согласувам со сите тие кои навистина работеа на извештајот и мислам дека комисијата направи една добра работа. Зошто? Јас ова го гледам од еден друг агол. Со самиот факт, ако продолжеше вака и ако се продолжи вака, функцијата министер како да губи од тоа што значи авторитет и во тоа што значи смисла, затоа што уште поодамна штом станеш министер, првото размислување беше, овој сега ќе се збогати. Добро е што вака низ еден ваков извештај, што се даде можност сепак тој што навистина не го користел дискреционото право, да прави што сака и како сака, да може барем дел од министрите да ги запамтиме и тие минатите и овие сегашните, дека навистина поставени во функциите кои ги извршуваат, навистина ги извршуваат како што треба.

Едно е сигурно, почитувани колеги, ќе се согласите со еден факт дека политичката одговорност за спомнатите во извештајот е веќе завршена работа, затоа што кај нас политичката одговорност за министрите знаете како завршува. Со реконструкција. Една реконструкција и тука се завршува, крај. Ние ова што денес го дискутираме, тоа е со самиот факт што ги спомнуваме по малку и нивните имиња, можеме да расправаме за тоа, што значи морална одговорност и тек останува, мислам дека препорачуваат и заклучоците на тоа што може понатаму Јавното обвинителство да направи, или судот.

Но, јас полека сакам вашето внимание да го фокусирам на тоа што значи функцијата пратеник и Собрание. Мораме ние да признаеме дека достоинството на пратеникот и Парламентот, овие последните години и сега, во сегашно време велам е прегазено, не само газено, затоа што кон ова придонесовме ние господа пратеници. Еве на пример барајте вие кола да одите до една институција во Скопје, како пратеник, ќе добиете една удрена Џета, а ќе видите дека министрите, или секаков Владин функционер, во овој однос, само во овој однос, голема е неговата предност и големо е почитувањето кон него.

А каде бевме ние како пратеници, јас неколку пати го покренав овде во Собранието, меѓутоа жалам што моите колеги и тогашни и сегашни и се уште се во една заблуда, дека штом се сега на власт моите министри, така ние велиме, ќе ги браниме до крај, затоа што тоа се наши министри. Нашата индиферентност е посебна приказна. Толку индиферентно се однесуваме кон тоа што значи извршна власт, што навистина ниту ни доликува, ниту размислуваме колку што треба до каде сме доведени. Дали вие гледате и забележувате во последно време дека ние сме доведени до состојба, класниот раководител да не прозива дали сме тука или не сме тука, затоа што лоши ученици не се во Собрание, а ниту еден министер не гледам тука, и ни еден министер не е лош. Ова е една ситуација за која ние мораме да размислуваме и ние навистина не смееме и понатаму да се ставаме во една ваква сервилна ситуација, затоа што тогаш не го заслужуваме тоа што ни велат другите народни пратеници.

Дали вие, односно дали ние забележуваме во последно време, дури и ТВ емисиите, или новинарите со каква иронија велат "денес народните пратеници и т.н. "или на албански "те зеври те популит...", со тие три точки само претпоставувам знаете што сакаат да кажат. Јас не знам, мислам ние си дозволивме и затоа можеби се во право.

Кога бев ученик и кога правев писмена работа по македонски јазик и литература, имав една добра професорка која ни велеше вака, за да имаш одлична оценка во писмената, употребувај метафора и компарација. И навистина сега ако компарираме тоа што пишува, тоа во извештајот, со тоа што се случува оваа година, верувајте ми, најискрено ви велам не може никаков извештај сето тоа да го собере, ни хронолошки ни никако. Дури да се даде и некоја друга оцена. Сега напредуваме. Сега не има во извештаите во многу меѓународни институции, за жал, што се рефлектира со негативни оценки. И верувајте, таму не се спомнува дека Парламентот придонесува за вакви работи, што ни се случуваат, или пратениците. Но, индиректно сепак вината е кај нас како Собрание.

Дури јас имам и мое размислување за понатаму. Треба да се продолжи вака. Мислам дека јас сум од тие, ниту сум консултирал пратеничка група дали ќе гласаме и како ќе гласаме, не е многу важно дали гласаш или не гласаш по Извештајот, затоа што едно знам, како и да гласаме ние на тие имиња што се спомнати таму, какви се состојбите во државата, односно во правната, така наречена држава, јас најискрено ви велам дека ништо не им можеме на тие луѓе. Дури гледам нивната популарност се повеќе расте, и ги има на сите телевизии медиуми и т.н.

Но, во едно мое вакво размислување дојдов до еден заклучок да продолжи Анкетната комисија, но да инсистираме, но

сакам поддршка и од позицијата и од опозицијата, со нашите пратенички прашања, каде ќе бараме исклучиво усмено да ни се одговори на лице место. Институтот пратенички прашања да го активираме. Не би сакал да кажам да личи на Англискиот Парламент, но сепак да ни се каде шанса и на нас како опозиција и на вас како позиција, колеги, зошто јас на крајот ќе бидам толку искрен, што вие колеги пратеници од позиција сте ми поблиску, од тие што се во извршната власт, зошто тука сме заедно и за една иста работа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

И на крајот, уште еден предлог за размислување понатаму. Тоа е мое размислување. Мислам дека сум доведен до едно такво размислување дека претседателот на победничката партија на изборите, значи главната полуга на најголемата партија, во вакви услови какви што ги имаме во нашава држава, не треба да биде премиер, туку треба да биде претседател на Собранието, за да се врати тоа што значи дигнитет на Собранието, за да може да се стави во позиција Собранието да контролира како функционира власта.

Зошто го велам ова? Го кажувам и од искуство. Го велам затоа што ако претседателот на победничката, на главната победничка партија е премиер, сакаме - не сакаме мнозинството пратеници се ставаме во ситуација да аминуваме, како што многу пати аминувавме, дури и за вакви работи за кои денеска неколку дена расправаме.

Благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Исмет Рамадани за учество во расправата и за дадените предлози.

Сакам да ве известам, почитувани пратеници, дека за 5 април закажав специјална посебна седница, веројатно утре ќе добиете писмена информација, известување, што ќе биде посветена исклучиво на пратенички прашања.

Добив согласност од премиерот, тој ќе биде присутен заедно со целата Влада или оние кои се оправдано отсатни поради некои обврски надвор од земјата, дека нема да дојдат, главно другите ќе бидат тука и ќе се обидам, навистина, во еден дијалог, со одговори на прашањата да се потрудат да бидат одговорни пред Парламентот.

Другите предлози на г. Исмет Рамадани не 6и сакал да ги коментирам.

Сепак, секој има право на свое мислење и размислување.

Но, по повод неговите предлози сакав оваа информација да ви ја дадам сега.

До тогаш ќе има и други седници, нормално, но оваа седница ја закажав, затоа што ви реков дека после истекот на стоте дена од изборот на оваа Влада ќе биде закажана посебна седница за пратенички прашања. Таа е веќе закажана за 5 април оваа година.

Толку како информација.

Сега има збор г. пратеник Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, испитувањето на јавните набавки преку Анкетната комисија или било која друга форма, мислам дека е позитивна, како начин со кој што ќе се овозможи државата да го контролира незаконското трошење и збогатување од државни пари, користејќи ја државната функција.

Секој функционер при јавните набавки добро ќе се размисли дали да краде или не, или колку ќе краде, независно што неговата партија е на власт, бидејќи секогаш ќе се плаши дека, ако не од актуелната власт, тогаш кога ќе дојде друга партија на власт ќе го испита неговото незаконско работење и ќе ја добие заслужената казна.

Во секој случај ова е уште еден вид на заштита на општото добро на граѓаните, од лични збогатувања на поедини функционери и државни службеници.

Што се однесува до оваа расправа, опозицијата треба да даде придонес во оваа расправа со конструктивни предлози, а не во сите свои досегашни дискусии да ги штити евентуалните, т.е. можните виновници по секоја цена само поради тоа што се од нејзината партија.

Виновниците т.е. криминалците не треба да имаат ни партија ни вера ни националност. Нив ги интересира личниот интерес и поради него ќе се спојат и со ѓаволот ако треба.

Опозицијата не треба да споредува со зборовите, а што правите вие сега? Бидејќи, тоа што го прави позицијата, а вие сметате дека не е добро има форма на откривање и спречување, тргнувајќи од формирање анкетни комисии, Јавно обвинителство, интерпелација на ресорните министри.

Јас не велам дека кај нас нема злоупотреби. Туку, напротив. Криминалците од претходниот систем

активно работат и се спојуваат со одредени персони од кај нас. И ние, сите заедно и позицијата и опозицијата треба цврсто да застанеме во заштита од криминалот.

Што се однесува до Комисијата, неа ја формиравме веднаш после парламентарните избори, во декември 1998 година со задача да ги испита јавните набавки од 8.01.1991 до 19.11.1998 година кај корисниците на средствата од Буџетот на Република Македонија.

Според мене, Анкетната комисија имаше огромни сфери во кои требаше да се испита криминалот. Огромен материјал што требаше да се разгледа, анализира, систематизира, заклучи дали се пречекорени објаснувањата и дали е направен криминал. Во краен случај не е важно дали сите престапници ќе се откријат или казнат. Доволно е да се казнат барем неколкумина и тоа многу строго, за да види јавноста дека и функционерите се казнуваат не од политичко, туку од криминално однесување. Тоа да служи како опомена за сегашните и идни министри, директори и други носители на јавни функции.

Западот не дошол до овој степен на развој на демократија со простување на криминалот или со мали казни. Туку, напротив нивниот систем се одржува со строга контрола и безмилосно казнување. Како кај нас народната "стравот го чув лозјето", бидејќи ако бидеш фатен во лозјето за тебе веќе нема бел ден.

Да се потсетиме на минатото. Кога од оваа говорница екс премиерот изјави дека постои октопод, како синоним на организираниот криминал и дека тој, како премиер ќе се справи со октоподот. Колеги, тоа беше јавно признание дека во тогашната власт, а знаеме дека повеќе од 60% беше на СДСМ, постои организиран криминал - октопод, а од друга страна, јавна определба на тогашен премиер за борба против октоподот. И, да ви кажам дека тогашниот премиер собра огромни поени. Граѓаните велеа дека дојде време "ќе најде маж" да се справи со криминалот. И, лично мислам ако се справеше немаше да ја загуби власта.

Но, што се случи, испадна само уште еден издишен балон на македонската политичка сцена. Со тоа се покажа дека криминалците, практично, биле влада во сенка што управувала со тогашната активна власт и што се случи? Октоподот се рашири уште повеќе.

Според тоа, колеги, вие јавно признавте дека има криминалци меѓу вас и не знам зошто сега грчевито ги браните. Немој со ова слепо бранење да добиете уште еден издишен балон.

Јас не се лутам што ја напаѓате актуелната власт, во конкретниот случај за криминал, бидејќи по логиката на повеќепартискиот систем, тоа е задача на опозицијата. Ние тоа треба да го сфатиме добронамерно, како коректив на нашето работење, да не се занесеме во власта.

Мене не ме интересира кои се имињата посочени како можни виновници, бидејќи верувам дека Комисијата исправно работела. Мене ми е важно да се симне политичката заштита на можните виновници и да се овозможи судовите да испитаат, да документираат и ја казнат вината.

Ќе повторам, да ја симнеме политичката заштита, бидејќи без неа судовите не можат да работат. Барем до сега. И, да им кажеме на граѓаните дека министрите и директорите на јавните претпријатија, па и пратениците по некогаш ќе бидат, кога - тогаш казнети, ако згрешиле во своето работење. Што е најважно, ова ќе биде превентивна борба против криминалот, бидејќи ќе биде поука за сите оние кои ќе дојдат во искушение да крадат, добро да размислат за должината и строгоста на раката на правдата, т.е. нема да бидат збогатени криминалци, а плус тоа и почитувани граѓани.

Како што рече г. Котевски, кај нас криминалците се на сцена. Ако не знаеш да крадеш, значи не те бива. Дојдовме до таков степен, да, ако слушнеме да некој украл толку и толку пари, да не не интересира. А, ако слушнеме дека некој бил на некоја функција и не украл ништо, т.е. не се збогатил, да ни биде интересно и да речеме дека се уште постојат такви будали.

Другари, колеги, јас мислам дека треба да гласаме за усвојување на Извештајот на Анкетната комисија, за испитување на јавните набавки во МВР, во МО, во Архивот на Македонија, во МАНУ и Републичкиот завод за судски вештачења, во периодот од 8.01.1991 до 19.11.1998 година, заедно со предложените заклучоци. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Коце Трајановски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Колку што не има, повеќе седници наназад од работата на овој Парламент, бевме сведоци на покренување прашања што отвораат широки расправи, и при тоа од повеќе дискутанти се инсистираше темите да не се употребуваат во политички маркетинг.

Се побара и тоа, Парламентот да не се спушта и да не се меша во работата на надлежните органи. Тие органи да се остават да си ја вршат работата, а Парламентот да не биде ниту обвинител, ниту судија. Добро е така да се размислува. Добро е така и да се дискутира. Сигурно е уште подобро тоа да биде пракса на овој Парламент. Меѓутоа, колку сме доследни на тоа?

Случајот со работата на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки, ни од далеку не наликува на она за што овде многумина пратеници се залагаа. Формиравме Анкетна комисија при крајот на 1998 година, со уставна надлежност да ја утврди политичката одговорност на носителите на јавните функции, од периодот 1991-1998 година. Колку, при тоа, направивме преседант, овде беше расправано на широко, со нагласка дека вакви комисии обично се формираат за утврдување на политичката одговорност на актулените носители на јавни функции. Но, и покрај тоа пратеничката група на СДСМ ја поддржа оваа иницијатива, знаејќи дека коалицијата што е на власт зеде обврска пред избирачите да ги преиспита претходните јавни набавки.

Покрај тоа, сметавме дека низ едно достојно и не тенденциозно работење на АК, ќе се стави крај на сите монтирани сомневања при јавните набавки. Отпочна макотрпна потрага по материјали од министерствата, од јавните претпријатија и другите субјекти што подлежат на Законот за јавни набавки. АК наводно, имаше можност да ги гледа сите материјали од јавните набавки, но тоа беше секогаш самостојно, така да се каже во стрелци. Ниту еднаш АК не седна заеднички на маса да ги стави сите документи па да коментира од сите аспекти за да може да донесе издржан предлог пред Собранието. Не е формирано ниту едно помошно тело, специјализирано за одредени набавки па да можеше АК да се разубеди по одредени прашања.

Затоа пак, актуелната власт низ службите на државните органи, сама формира специјални комисии, подготвува материјали дури и со заклучоци, со определена одговорност на определени субјекти. А АК, комплетно како такви ги усвојува. Принцип, "кадија те тужи, кадија те суди".

И така, наместо Собранието да биде тоа што ќе ја определи политичката одговорност на носителите на јавните функции, тоа на секоја седница го правеше АК доста транспарентно и пред време, за што на широко беа вклучени и медиумите.

Според тоа, произлегува дека и не е некоја тешка работа на АК. Го земаш целиот материјал од некое министерство, таму веќе некој подготвил материјал, купено е ова, можело да се купи она, дадени се толку пари, направена е толкава штета и се редат имиња. Предвреме веќе лицата се прогласени за одговорни.

Овде, стана збор дека комисијата направила многу материјал. Тоа, почитувани пратеници се материјали на министерствата и другите субјекти што ги доставуваа. Нема сомнение дека, ако при јавните набавки имало непочитување на законската регулатива, институциите задолжени за утврдување на незаконското работење и санкционирање на евентуалните прекршувања, треба да постапат според своите законски овластувања. Евентуалното незаконско работење во јавните набавки треба да се искоренува било кога да се случило. Јавните набавки треба постојано да бидат под контрола и под присмотра.

Зборувавме за судбината на АК, што навистина за ваков тип на анкетни комисии е многу дискутабилно. Прашање е дали нејзиниот наод е релевантниот од кој може да се извлече одговорност. Овде се предложени личности за кои се вели дека постои сомневање дека направиле злоупотреба на службената положба. Прашувам, што ќе биде ако овие личности докажат дека не направиле злоупотреба? Дали тогаш ова Собрание ќе треба да донесе некаков акт со што ќе ги рехабилитира овие членови и овие личности?

Според тоа, не е долично и многу рано е да се вртат личности, спектакуларно да се откриваат само наводни злоупотреби, да се валкаат имиња на луѓе и да се крева медиумска врева. Дали овие личности имаат право да ги побијат овие обвинувања? Според тоа не негирам дека е можно да постои сомневање

за некакви злоупотреби, односно дека не е можно. Но, ниту АК, па ниту овој Парламент не се тие кои ќе ги лоцираат субјектите кои ги направиле тие наводни злоупотреби. Да оставиме тоа да го направат надлежните правосудни органи, ако ценат дека навистина постои сомнение за злоупотреба.

Се разбира, се оградувам од тоа, ако предвреме не се прејудицира дека правосудните органи ќе ги земаат здраво за готово заклучоците од овој Парламент и директно дури и ќе судат. Вака да мислам ме наведува заклучокот во Извештајот - Собранието да ги достави заклучоците до надлежните правосудни органи, небаре некој ним до сега им пречеше да си ја вршат својата работа. Или пак се мисли дека ова ќе има поголема тежина.

Овие денови зборувавме и за функционирање на Анкетна комисија за сега актуелните набавки. Да напомнам дека Парламентот во минатиот состав имаше формирано Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на тогаш актуелната власт. Колку и дали можеше нешто да направи, ќе дискутираме кога и како оваа сегашнава Анкетна комисија ќе ја заврши својата работа.

Но, едно е сигурно таква Анкетна комисија, што за жал сегашнава актуелна власт не може да се пофали со тоа дека има Анкетна комисија што ќе ги испитува нејзините јавни набавки.

Овде неколку пратеници покренаа таква дискусија да се формира Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на сегашната власт. Тоа, секако би било во духот на она, "подобро да се спречи отколку да се лечи". Една ваква комисија сигурно би била коректор во јавните набавки на оваа власт. Зошто да им префрламе на новинарите и медиумите дека пишуваат паушални работи за набавките на сегашната власт. Можеби Владата и другите органи во оваа област работат најдобро што може. Но, очигледно, никогаш Владата нема да ја убеди јавноста дека во јавните набавки се работело најчесно.

Затоа една нова Анкетна комисија тоа нека го прати со време, за да не дојде некогаш некои пратеници вака слично да дискутираат. Дури ако сакате да биде подемократски, ако се има чиста совест новата Анкетна комисија треба да ја води опозицијата. Во ваков стил поминаа 4 определени рокови кога Анкетната комисија требаше да ја заврши работата, па еве наскоро ќе се бара и нов петти рок. Со месеци се чекаат божемни нови докази. Очигледно Анкетната комисија не ја заврши и не ја оправда својата работа. Се бараат нови 8 месеци кога треба да се анализираат набавките на уште 20-тина министерства, јавни претпријатија и други субјекти. Кој ли ќе не убеди дека Анкетната комисија ќе ја заврши својата работа. Работата е во тоа што ако се продолжи со истиот терк по истото сценарио, тогаш работата на анкетната комисија е осудена на пропаст. Затоа оваа лакрдија ќе треба да престане.

Прашањето дали актуелната власт има кредит да копа по гревовите на претходната власт после година и нешто практицирање на власта, на големо се поставува. Од друга страна Парламентот еднаш веќе треба да се занимава со актуелни прашања кои ги тиштат граѓаните, за витални политички и економски прашања во нашата држава. Напротив вака од време навреме актуелната власт ќе покренува вакви прашања и тоа секогаш кога ќе и загусти, за да го оттргне вниманието на јавноста од многу посериозни проблеми со кои се соочува, па макар тоа биле и нејзините јавни набавки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-дин пратеник Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, расправаме по Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки. И тоа неколку дена.

Па затоа почитувајќи го вашето време и респектот кон јавноста, ќе се обидам да бидам краток во излагањето. Нема да ги повторам изнесените аргументи во Извештајот на Комисијата, но само ќе се задржам во делот на извештајот на анкетната комисија, каде што се зборува за јавно тајните набавки во МВР, страна 2 од Извештајот и тоа точка 1 - Опремување и реновирање на гостинската вила на МВР и набавка на оклопни транспортери и коњи.

Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и овластување од страна на поранешните министри: Љубомир Фрчковски и Томислав Чокревски. Што се однесува до гостинската Вила на МВР, јас ќе го прокоментирам само терминот Гостинска вила. Како може да се зборува за Гостинска вила, кога тие луѓе беа само душмани на својот народ, а посебно непријателски настроени кон Албанците, во што се уверивме во неколкуте вандалски извршени акции и не би ги спомнал имињата на тие локалитети, бидејќи почна населението во РМ, со тоа да се иритира само спомнувањето

и ништо не превземање.

Па од тие причини барам постапката против овие двајца бивши министри да се заврши по судски пат. Бидејќи испод ниво е да им се прави толкав голем маркетинг, како што некои од колегите го правеа досега. И посебно ме зачудува фактот што некои пратеници Албанци ги бранат Фрчковски и Чокревски, а последиците од нивното владеење и ден денеска господа пратеници се присутни во Гостивар и гостиварско, каде што над 20 души воглавном млади луѓе го изгубија животот од тепањето и малтретирањето во подрумите на така наречените гостински вили, а најсвеж пример е младиот Африм Палукја од Трново - Гостиварско, кој е во тешка здравствена состојба од последиците од 9-тојулските настани.

Сфативме што беше целта на тој вандалски чин во Гостивар 1997 година и на други места само да се замаглат очите на јавноста дека парите што се земени како разлика на секој купен полицајски транспортер, а тоа колегата Данило Глигоровски го кажа со податоци од над 200 илјади германски марки во разликата што се земени. Тие мислеа дека ќе им успее, но се преварија, бидејќи овие процеси се општествени, па макар и да се монтирани, тие се реверзибилни што значи кога да е ќе излезе на видело вистината и секој ќе си го плати својот цех, а во моментот тоа ќе го плаќаат Чокревски и Фрчковски, бидејќи ако тие не го платат, а за тоа има основа што може да се види од извештајот на Комисијата, тогаш господа пратеници ќе го платиме ние. Бидејќи, големите мајстори од опозицијата можат да ни приредат и такво изненадување и без срам уште да ни се потсмеваат, бидејќи способни се ем да крадат, ем да те натераат да им ги покриеш трагите или најлошото, да си го платиш сам и цехот.

Да не должам, опозицијата за нас е добар школски пример како не треба да се работи. Довчерашното работење на опозицијата претставува класичен модел на политичко силување на својот народ, но тоа е едно болно минато и народот ги казнуваше. Но, бидете уверени дека и нас ќе не казни народот, ако не се казнат тие што ја злоупотребија службената должност.

На крајот поддржувајќи го Извештајот на Анкетната комисија и заклучоците кои се предложени, ќе ве запознам со некои нови податоци од доставените материјали, бидејќи на седниците на овој Парламент се спомнати многу диви и питоми животни. Но, се знае господа пратеници каде им е местото на тие диви и питоми животни. Но, во тој прилог следуваат и овие податоци.

Во Информацијата на МВР под евиденционен број 074669/1, следуваат овие податоци. Она што го имате како материјал, набавени грла коњи се книжени на сметката основни средства, основно стадо врста на набавени коњи, па под 1 до 10. Паскуф Лип 640 Н Зента Сивац 4 години, 8.000 германски марки. Пастуф Липец 607 Ц Зента Сивац 5 години, 8.000 ДМ. Кобила Липец Муња сива 4 години, 9.000 ДМ., Кобила Липец 426 сива 4 години, 9.000 ДМ. и до 10 кобила ПЉК 661 Дама Дората 4 години, 8.000 ДМ., вкупно 85.000 германски марки. Сите овие коњи се увезени од ПИК Ѓаково - Хрватска, како ние да немаме коњи во Република Македонија.

И ве убедувам господа пратеници дека сме имале и ние коњи во Република Македонија и коњите се тука во Скопје, но ги има и во цела Македонија. Но, ве молам господо пратеници немојте да ја барате кобилата што пцовиса.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас навистина не сакав да учествувам денеска во расправата, но со оглед дека сум, член на Комисијата чувствував за потребно да кажам неколку збора.

Мислам ќе треба да ве вратам на сеќавањето уште кога се формираше Комисијата, уште тогаш реков дека од принципиелни причини ние како политичка партија ќе прифатиме формирање на Анкетна комисија и тоа од две причини.

Прво, дека како партија ние сме убедени дека нашите Функционери во никои од овие спомнати афери не се вмешани.

И второ, дека еден механизам на контрола на извршната власт како што се анкетните комисии, треба да функционира, но не само да функционира, туку и да ги даде резултатите. За жал после една година и 3 месеци ние доаѓаме со еден извештај пред Собранието, со кој не можеме да се пофалиме како Анкетна комисија дека навистина ја завршивме работата и ги дадовте очекуваните резултати. Уште при формирањето за многу од нас беше јасно дека логичкото постоење и формирање на една ваква Анкетна комисија, која првенствено има за цел оценување на политичката одговорност на јавните функционери, нема сврха и ефект кога веќе тие функционери не ги вршат тие јавни функции. Се поставуваше прашањето, зошто

воопшто се формираше Анкетната комисија. Се формираше од една и единствена цел, по наше длабоко убедување, дека цело време јавноста да биде под пресија и се храни со некои информации, за тоа што поминало, наместо обратното.

Анкетните комисии првенствено, според мое длабоко убедување и досегашната практика, се формира за функционери кои се на власт, за да им овозможуваат на органите на гонење најнормално да си ја извршат својата работа во истражувањето. Во спротивно додека тие луѓе кои вршат јавни функции се во истурените позиции на власта, можноста за контрола, односно истражување на органите на гонењето, не можат да ја вршат таа функција, од проста и едноставна причина, затоа што тие се под пресија. Тоа искрено да ви кажам лично го осеќав, со оглед дека своевремено пред да дојдам пратеник бев трудов инспектор.

Мислам од тие причини многу е битно ние денеска ако сакаме да ги ослободиме органите на власта, да можат без пресија, без политичка пресија да ја извршат функцијата, треба да се формираат вакви анкетни комисии, кои ќе дадат насоки дали се работи за политичка одговорност. И што станува? Се докажа дека за овој период Анкетната комисија за жал се претвори во инструмент на политичките партии, која се ставаше во функција од време на време кога во јавноста ќе се покренуваат политички и други одговорности за актуелните јавни личности, а за да може да се занимава јавноста со нешто минато.

Кога денеска веќе имаше најави од бившиот министер за внатрешни работи дека се поднесени дури и кривични пријави за бившите министри за внатрешни работи, а органите на Правосудството се уште не излегуваат со објаснување, каде е постапката и дали воопшто има основа за тие кривични пријави, јас како член на Анкетната комисија, па мислам и другите членови на Анкетната комисија си го поставуваат прашањето, што недостасуваше при донесуваше на квалификација, односно заклучоци. Дали ние не бевме доволно стручни да оцениме, дали навистина имаше злоупотреба на функциите, или пак ние тие заклучоци и тие односи ги носиме со пристраст.

За да не бидам во таа функција и во Анкетната комисија, јас лично побарав, не би сакал понатака да учествувам во една Анкетна комисија која не ги даде очекуваните резултати, напротив да може и понатаму да биде инструмент на злоупотреба и појавување од време навреме со одредени резултати и одредени информации пред Собранието.

Ако веќе денеска постои органи за гонење кој докрај можат овие работи да ги вршат, зашто и каде е потребата на функционирање и по нас така на една Анкетна комисија. Колегите пратеници укажаа дека веќе денеска имаме доволно докази и аргументи да се формираат други Анкетни комисии, кои ќе оценуваат злоупотребата на сегашните јавни функционери, постоењето на оваа функција и барањето за одложувањето, односно барање за уште 8 месеци да се одложи функционирањето на оваа Анкетна комисија, за мене е беспредметна. Инаку ќе бидеме навистина во ситуација до крај да ја девалвираме позицијата на Парламентот, а посебно еден многу значаен сегмент на контрола на извршната власт како што е Анкетната комисија.

Почитувани пратеници, не дозволувајте самите себе и до таа мера се понижиме, губиме позицијата на Парламентот, како најголем законодавен дом.

Од тие причини јас не би сакал понатака да учествувам како член на оваа Анкетна комисија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за учеството во расправата на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Збор има г-динот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Дали има потреба или не од Анкетна комисија, Собранието ќе одлучи.

Еве вака, Анкетната комисија која до сега работеше, а се надевам и натаму ќе продолжи, ќе биде волја на самиот Парламент. Но, за тоа ќе говориме кога ќе дојде времето.

Цело време размислував како да настапам по оваа точка во една завиена форма, што би се рекло во обланди, но имајќи ја предвид сериозноста на точката, околу јавните набавки и не може поинаку туку отворено без калкулации, без пардон спрема сите оние инволвирани учесници, според мене во овие нечесни дејанија.

Почитувани дами и господа, клептоманијата е болест и бара соодветен медицинско - психијатриски третман. Но, во случајов не се работи за клептоманија, туку пак, според мене, за мафијашко работење или подобро кажано, криминал од највисок вид, во народот попознат како "арамилук", за кои на времето говореше и екс

премиерот господинот Црвенковски, во контекст на октоподот, кој не беше октопод, туку чудовиштето од Скандинавските сагии, наречено "кракер", многу поможно од октоподот, од анимален аспект, тоа е животински аспект.

Зошто ова го говорам. Го говорам од едноставна причина, поради по сликовито претставување на работите, за кои веќе имаме и материјален доказ, пак според мене, во самите извештаи, пред се од МВР и Министерството за одбрана на РМ.

Ако се гледа криминалниот аспект во горе наведените министерства, се разбира дека судските институции се тие кои треба да го кажат последниот збор и тука се става точка. Но ако овие криминални влијанија, пак според мене, се гледаат од друг аспект, на пример, како рушење на економската стабилност на државата, се прашувам, а и Вас Ве прашувам какви последици ќе сносат господата актери, во овој, би го нарекол воено-полициски трилер, еве да го наречеме "лепливи раце", тоа е актуелно и во Европа и во светот.

Зошто спомнав рушење на економската стабилност на државата? Тоа го спомнав од едноставна причина затоа што, како може да се сфати одлевањето на милиони германски марки во приватни џепови, освен како атак на економијата, на и онака слабата финансиска моќ на РМ, во периодот на овие дејанија, период на владеење на СДСМ.

Впрочем, господата и беа министри на СДСМ и тоа не е никаква тајна. Затоа, дегутантно е да се говори од страна на некои пратеници на СДСМ дека ова е лов на вештици, а јас како член на оваа Комисија за испитување на јавните набавки, не ја прифаќам улогата на инквизитор кој со шпанска чизма, специјална инаку направа за давење во тој период, во периодот на дејствувањето на инквизицијата, ќе шета од личност до личност, и ќе ја применува оваа справа врз луѓето инволвирани во трилерот "лепливи раце" т.е. врз екс министрите на СДСМ.

Некој од пратениците спомна дека се работи за реваншизам. Не а некој, тоа беа повеќе пратеници од СДСМ и некои други политички партии, што апсолутно не држи. Нема реваншизам за криминални дејанија. Тие никогаш не застареваат. Впрочем за тоа говорат и одредени кривични пријави кои веќе се поднесени од Републичкиот јавен обвинител.

Дами и господа, зарем како реваншизам може да се протолкува апсењето на осум директори од некогашната владеачка ХДЗ во Република Хрватска, од страна на премиерот на Хрватска или од страна на властите, т.е. на новата влада на Република Хрватска или аферата со Хелмут Кол во СР Германија. Ова е колку по сликовито да ги прикажам работите, дека не се работи реваншизам. Не се работи за реваншизам, туку за функционирање на правната држава и сега и во иднина, без разлика која политичка партија е на власт. Криминалот најмалку признава политичка припадност. За таквите типови, дами и господа нема пардон. Инструментите на правната држава треба да се не умоливи, како што и претходно спомнав, не водејќи сметка за нивната политичка провиниенција.

За да не ме обвини некој дека говорам на памет, треба да илустрирам неколку работи.

Пример број 1, на страна 10 од Извештајот на МВР под наслов "градежни работи", точка 1 стои "изградба на Ергела Хиподром", основниот договор 50.960/1 од 21.10.1994 година изнесува 433.436 ГМ. На овој основен договор направени се три анекси со вкупна вредност 794.348 ГМ. Разбирливо е да се направи превид во основниот договор од 20, 30 па и 40%, но разлика во цена од 170% е повеќе од криминал. Не може никој да ме убеди дека е направена грешка во проценката на основниот договор, за 170% во висина од скоро 800.000 ГМ.

Пример број 2. Исто така индикативно е, опремувањето на гостинската вила на МВР, каде се исплатени скоро 100.000 ГМ. во кеш, се разбира, а кај што има кеш и готовина има, што би рекле чаирчани дубара. Сигурно имало потреба за купување на турски килими во висина од 29.300 ГМ. Немало поевтини македонски. Но, дами и господа, турските килими се добри за турска гимнастика, човек штом ќе стане од спиење, веднаш да си прилегне на самите килими. Претпоставувам штом се толку скапи, мора да се дебели и прилагодливи на кичмениот столб, колку да не се искриви кичмата.

Посебно од сите тие работи, господинот Славчо Саздов инаку прв братучед на господинот Фрчковски, екс министер, т.е. првата пеперутка, вратоврска на Република Македонија, направил кривично дело, барем според извештајот на МВР по член 111 од Законот за надворешно - трговско работење. Тоа можеби правниците подобро ќе го протолкуваат од мене.

Инаку колку да Ве потсетам ако добро паметам, господинот Саздов по неколку месеци на позицијата прв кесар или прв паричник во МВР, си купил Џип Чироки, а по неколку други поминати месеци уште едно џипче, или да може да се вози во парк, но не знам од која марка беше. Морам да кажам алал да им е, колку беа чесни министрите на СДСМ, дури човек да се чуди.

Околу наочарите Рејбан, нема што посебно да се каже, исплатени се на рака, во кеш, 10.000 ГМ., веќе што би се рекло скопски, усталена шема, на сана - бана или тебе - мене.

Лично ме радува што господинот Фрчковски и неговиот братучед сакале да ја европеизираат полицијата, знаеле што е фирма, мислам на Рејбан наочарите. Колку да не заборавам и ова е кривично дело, исто така казниво колку и претходното.

Оклопните транспортери, ова се примери кои морам да ги спомнам, можеби некој ги спомна, но не би околу самата ситуација да имаме една појасна слика што фактички се работело.

Оклопните транспортери, 12 на број се исплатени по 165 илјади долари или вкупно 1.980.000 долари, или во ГМ. 3.700.000. Но, што вели МВР, дека има оперативни сознанија, а штом се има оперативни сознанија тоа е еден валиден податок. Дека вистинската цена им е 70.000 САД долари, што преведена во бројки е направена разлика од 1.140.000 САД долари, или преведено во ГМ. 2.100.000. Претпоставувам дека парите сигурно не завршиле во домот за сираци во Скопје.

Посебно интересна е набавката на коњите, полукрвни, од англиска сорта или пиџанери во висина од 85.000 ГМ. Добро е да се сакаат животните, а посебно коњите, но никој нема право од нас да прави магарења. Зошто ова го велам. Затоа што господа кај што има коњи, мора да има и објекти, Ергела - Хиподром, во случајов. Тука веќе се прават далавери. Како што претходно спомнав Ергелата чинеше 1.132.000 ГМ. Основицата е 435.000, а трите анекси некаде околу 800.000 ГМ. Добро ја сконтале работата, но денес господа никој не сиса весла, онака народски кажано.

Најеклатантен пример на трпење, да не кажам некој друг збор, на крадење, на арамилук, е зделката со ЗУС, за која, нели се пишуваше на големо, на времето. Во последно време, нешто е заташкано. Независните медиуми имаат, нели за што да пишуваат, оправдано или неоправдано.

Со ЗУС договорот е потпишан од господинот Фрчковски со директорот на горе наведената фирма Христовски под број 1311765 од 19.2.1996 година. И втор договор потпишан од Чокревски како министер за внатрешни работи од една страна и Христовски од друга страна, договор под број 18-28165/1 од 9.09.1998 година, но сега со прифатени исти цени утврдени со анекс договори. Се работи за периодот од 3 месец 1992 до 3 месец 1997. Набавките се однесуваат на 15 вида артикли, од фолии за возачки дозволи, преку пасоши, лични карти, дозволи за државјанство и т.н.

Што на сите овие набавки вели Републичкиот завод за судски вештачења. Значи не се повикувам веќе на МВР, туку на извештајот на Републичкиот завод за судски вештачења. Во својот договор 03-76/1 од 1999 година, испратено до Анкетната комисија за јавните набавки при Собранието на РМ.

Сакам да потсетам дека оваа институција е крајно стручна и професионална, во која сигурен сум никој од нас не се сомнева. За да нема дилеми во веродостојноста на тоа што се презентира, вели вака: "МВР во својата обврска за плаќање на фактурите ја вршело со задоцнување, дел со навремено плаќање и многу мал дел со авансно плаќање. Авансирањето на набавките, процентуално од вкупното плаќање само 3,30% е претежно на почеток на набавките во 1992 година. АД ЗУС Скопје во улогата на втора страна од цитираните договори стапува во определени деловни односи со печатницата Киро Дандарот - Битола, која ги изработува сите потребни обрасци. За својата работа Киро Дандарот фактурирал износ 179.000.206,00 денари. Во овој износ се влезени трошоците на Киро Дандарот, што се однесуваат на работната рака и директните трошоци на Печатницата. Сето ова се гледа од писмото издадено од Киро Дандарот, под број 03-237 од 2.3.1999 година.

За периодот од 1.1.1997 до 31.3.1997 година од страна на ЗУС со испратница број 31 од 20.1. 1997 година, се доставени репроматеријали во износ 450.000.750 денари. Доколку тие трошоци се додадат на претходната фактура од Киро Дандарот, трошоците на ЗУС се во износ од 179.000.642 денари.

Понатаму Републичкиот завод за судски вештачења констатира разлика на цената во корист на ЗУЗ од 496.336.000 денари, или процентуална разлика од 276,

30%".

Е па господа, после се чудиме дека Цацко пиел виски, не само што пие виски, туку носи саат ... во вредност од 40.000 ГМ. Некогашниот сопственик на овој саат не бил пашата од Охрид, туку пашата од Маракеш, денешен Мароко, на што сите бевме сведоци. Саатот е купен во Виена, сигурно додека господинот екс министер Фрчковски од СДСМ бил на некој од своите службени патувања.

Значи дека идниот крак од октоподот може да се лоцира директно во МВР, т.е. кај бившиот ваш министер Фрчковски и неговите компањони. Тука според мене нема дилема. Постои апсолутна политичка одговорност на носителите на јавните функции, конкретно за ова што претходно говорев, кои може некој да ги демантира и спротивстави со квази аргументи, кои апсолутно нема да држат.

Има уште многу работи за кои може да се говори за горенаведените министерства, но сметам дека мора да се остави простор и за Министерството за одбрана, како предмет за испитување на Анкетната комисија.

Што вели Министерството за одбрана. Впечатокот од материјалите добиени од Министерството за одбрана, кои беа предмет на разгледување на Анкетната комисија, едноставно кажано, во сето она што е понудено како наод од интерната комисија на самото министерство, провејува или провејуваат низа нелогичности. Подобро речено, работите смрдат, шират едноставно реа на криминогено работење, според мене во сите домени на набавките, од она што значи прехранбени продукти кои директно ја засегаат воената спремност на АРМ и спремноста на војниците, купување на оружје, опрема, облека, високо софистицирани уреди и друго. Огромни средства од Буџетот на ова министерство завршиле во џебовите на луѓето инволвирани во овие дилови, а сепак тоа се пари на македонските научници.

Посебна приказна е немањето на јасни законски акти, во врска со набавките во ова министерство, а и пошироко за сите министерства. До 1996 година буквално се работело што би се рекло на жими мајка. Во 1996 година е донесена Уредба за јавните набавки, која всушност и нема врзувачки карактер, па се ќе продолжи по старо дури во 1998 година, откако господата од СДСМ увидоа дека ги губат изборите, го донесоа Законот за јавни набавки. Се прашувам, всушност и вас ве прашувам, зошто се чекало шест години за донесување на овој закон. Од едноставна причина, за по успешен лов во матно, а во матно најубаво се лови.

Да не должам, ќе се послужам пак со некои илустрации дека работите смрдат. Што вели записникот за извршен инспекциски надзор на постапката за склучување на договорот 83/1 од 1.10.1998 година и неговата реализација. Примерот со уредите НЕЦ. До моментот на инспекцискиот надзор 6.4.1999 година, на Министерството за одбрана му се испратени само два НЕЦ уреда, а од исплатата на 50% аванс за осум уреди и потполно плаќање на два уреда, произлегува дека на Министерството за одбрана му се испорачани два уреда, а извршено е плаќање на целокупната вредност на шест уреди, или добавувачот фирмата АКОР, не ја знам која е, шест месеци без каматно користи аванс во висина од 112.592 ГМ. со што на Министерството за одбрана му е нанесена директна финансиска штета.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (Продолжение)

Втора работа во врска со истиот случај е тоа што Република Македонија нема пристапено кон Договорот за користење сателити, што треба да се користат од набавката на НЕЦ - уредите. Ако веќе Република Македонија нема договор за користење на сателити, која беше интенцијата за купување на НЕЦ - уредите. Претпоставувам дека сигурно не била комуникацијата со марсовците, до таа технологија се уште не сме стигнале, но се надевам дека во некое идно време и со некои, можеби по солидни министри ќе стасаме и до таму.

Ова, господа, ме потсетува на Потемкиновите села во Царска Русија, за време на Катерина II. Давани се пари за изградба на градови и села, но всушност цело време позадината биле макети.

Посебна приказна е тоа што НЕЦ - уредите се платени по малопродажни цени, заедно со данокот на промет и царинските давачки, иако овој вид на опрема е ослободен од овие давачки.

И, после некој ќе ми говори дека работите се ептен чисти. Никого не обвинувам, секој нека се преиспита. И после мене секој оној кој ќе реагира малку по жестоко, најверојатно е засегнат од сето ова што го говорам. Да, господо.

Пример број два, што вели инспекцискиот надзор во Секторот за логистика. Пример за набавка на рап - торбиците. Тоа се торбици за шаржери за

автоматска пушка 7-62 Калашников. Доставени се повеќе понуди од КПК Куманово по цена од 27 марки, па истата цена е смалена на 23 марки. МИКЕИ понуди исти такви торбици, многу поквалитетни по 13,2 марки, Еуроинвест Прилеп по 9 марки по парче. Но, воопшто не беа во игра. Значи, елиминирани се во старт.

Прифатена е понудата КПК Куманово иако најскапа, а одбиена е понудата на МИКЕИ како најквалитетна и со пониска цена од 9,8 марки по парче. Ако се има предвид дека се набавени 20 илјади парчиња торбици, тоа изнесува 196 илјади германски марки штета на сметката на МО, т.е. на штета на сите нас македонски даночници.

Инаку, со КПК Куманово се склучени 5 договори со непосредна спогодба, без прибирање на 3 понуди, јавен повик или нешто друго за добивање на поевтина цена. Вкупната сума за овие 5 договори со КПК Куманово изнесува 832.850 германски марки.

Мојот впечаток е дека ептен недомаќински се работело, но за својот џеб. Лично, тешко дека некој ќе ме убеди дека се работело чесно, затоа што претходно презентираното говори во еден спротивен правец. Поаѓајќи од народната поговорка "ако баба лаже траг не лаже", не се работи господа за реваншизам, ниту за лов со вештици. Туку, се работи за фактичка состојба што не може да се негира, затоа што тоа е така и никако поинаку.

Следствено, само ќе спомнам дека на 18.04.1996 година склучен е договор со фирмата "Чешка збројовка" за купување на 3 илјади пиштоли со вкупна вредност од 1.377.000,00 германски марки Франко - Скопје, значи до Скопје, како и потпишан бланко сертификат од страна на министерот за одбрана Благој Ханџиски. Што со набавката констатира Министерството за одбрана? Цитирам: "Оваа набавка е најдобар пример за набавки, а ги има поголем број кои не се барани од носителот за развој и планирање, средства за нивна набавка за потребите на АРМ, туку по желба или личен интерес на повисоки раководни лица од Министерството за обрана.

Со овие средства можело да се набават многу по приоритетни и по важни орудија и воена опрема за борбената готовност и обуката на АРМ, отколку пиштоли и тоа по повисока цена, вкупно некаде 42.000 германски марки. Што би рекле Русите браво јунаци, алал нека ви е. Ептен добро сте работеле.

Се надевам дека ќе се најде простор во некои од независните медиуми во Република Македонија да се напише некој збор и за јавните набавки во периодот на владеењето на СДСМ. Инаку, лично не бегам да расправам и дискутирам и за денешново работење. Колку да ве убедам во моите добри намери.

Поради по објективно информирање, дека работите и не се наивни, барем по здравјето на војниците, говори испораката на 11.000 кг. млеко во прав, произведени 24.05.1998 година во млекара "Планика" од Кобари. Претпоставувам дека се работи за Словенија. Заклучокот од анализата од млекото дека истото е не исправно и не употребливо за исхрана, со присуство на страни примеси, согласно член 8 став 5 од договорот со Млекарата "Планика", целото млеко се става на располагање на продавачот. Значи, се враќа на Млекара "Планика", со тоа што мора да ги врати парите. Меѓутоа, тоа не е направено, од господ знае кои причини.

А ако се работи за грешка тоа треба да се санкционира, но ако некој имал намера да изигрува Лукреција Борџија, познатата трујачка од XV век, и да ги труе македонските војници, е тука господа, веќе нема пардон.

Пробав да опфатам неколку сегменти од јавните набавки. Колку успеав во тоа, најверојатно јавноста ќе процени од многуте примери што беа понудени од Министерството за одбрана, како илустрација на сето она што се работеше во периодот на владеењето на СДСМ, 1992-1998 година.

Според Записникот за извршениот инспекциски надзор во Секторот за логистика, Органот за набавки, работи и услуги министерот за одбрана вели вака - Најодговорни за пропустите и незаконитостите во вршењето на набавките, работите и услугите се, под број 1 Благој Ханџиски, број 2 д-р Лазе Китаноски, Алекса Стаменковски и да не ги редам 14 на број.

Нивната поединечна одговорност се состои во следното:

За Ханџиски, поради недоволен увид ... (Реакции од место).

Па не беше во ред и кога стававте во џеб, нели гледајќи го народот како буричка по кантите. Сега е фер, јас морам ова да го изложам. Нели реков дека ќе говорам отворено. Не поради некој маркетинг, поради личната совест. (Реакции од место).

Владо Поповски не стои овде, јас колку што забележав, но може да стои. Господ знае. Значи, поради недоволен увид, надзор врз работата на Органот за набавки во одредени случаеви, злоупотребувајќи ја

службената положба, непосредно одлучувал за набавките, со што комисиите за набавки ги ставал надвор од процесот за договарање.

Господинот Китановски, за непосредно одлучување во поедини набавки, со што ја злоупотребил службената положба, како и неостварен увид во работата на Органот за набавка.

Се редат Стаменковски, Успрцов, Котели, Петревски, Јасников, Бариќ и т.н. и т.н.

Инаку, ова е интересно да го прочитам, како дел од заклучокот, точка 11, колку да Ве потсетам, барем оние што не го прочитале материјалот, вели вака: "Како последица на одредени неправилни постапки при вршењето на набавките, причинети се одредени штети на Министерството за одбрана, било таа да се изразува како парична штета или како не соодветен квалитет на набавените средства, артикли за исхрана, моторни возила и друг вид материјални средства".

Од таквиот однос према набавките причинета е парична штета во вкупен износ од 61.520 илјади денари или преведено во германски марки 2.128 илјади германски марки.

Да не ви одземам повеќе време, мислам дека она што го илустрирав говори во правец дека Анкетната комисија и покрај сите напади што ги имаше, барем се трудеше чесно да си ја одработи својата работа, а се надевам дека ќе имам можност да реплицирам.

Толку од мене, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Флоровски.

Процедурално бара збор г. Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да ги потсетам, особено колегите пратеници од владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ и би ги замолил да прекинат да ја изедначуваат опозицијата со двете нај експонирани личности во овој Извештај од Анкетната комисија, тоа се господата Љубомир Фрчковски и Владо Поповски, затоа што да не заборавиме дека тие денеска се главни советници на највисоките раководители во оваа држава, односно на премиерот на Владата и на господинот Борис Трајковски.

Ова го велам заради тоа што делува залуден и би рекол смешен трудот што го вложиле господата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, во пишувањето на дискусиите во осудата, бидејќи тие господа денеска се и политички амнестирани и заштитени, дури и наградени од вашите шефови. Само тоа да го имате предвид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Флоровски има збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се извинувам господине Поповски, овде говоревме за конкретни случаеви. Фрчковски е спомнат од скоро сите дискутанти и некој не го амнестира. На крај, дали некој ќе го земе за советник или не тоа е најмалку мој проблем. Верувам најмалку е проблем на пратеничката група. Говориме за конкретни материјални докази што се понудени.

Ако имате за господинот Поповски, стоиме на располагање да разговараме и за него. Говоревме конкретно за лицата што на некој начин беа спомнати во самиот Извештај и најмалку тоа што го говорев беше тенденциозно. Говорев она што е понудено од интерните комисии на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Најмалку говорев со зла намера или некому нешто да накалемам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Љубомир Поповски повторно за реплика.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Очигледно колегата не ме разбрал.

Јас зборував за изедначување, идентификацијата на овие две експонирани лица во извештаите. Меѓутоа, тој може не го спомна намерно Владо Поповски, меѓутоа во други дискусии на пратеници беше спомнат, исто така како што многу често и Љубомир Фрчковски.

Јас барав во смисла на тоа да не се изедначуваат како претставници на опозицијата, имајќи ги денешните нивни функции што ги имаат од власта.

Според тоа, станува збор за Анкетна комисија што треба, меѓу другото и некој вид политичка одговорност да утврди, иако сите функционери се бивши, на некој начин. Тоа да се има предвид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика Флоровски повторно.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не се работи за реплика. Не знам зошто не ме разбравте.

Јас говорев, луѓето кои ги спомнавте, воопшто не ме интересира кој ги амнестира и дали воопшто некој ќе ги амнестира. Тие беа предмет на расправа и разговаравме за нивната одговорност.

А, дали постои одговорност или не, тоа ќе пресуди третата власт, судската власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имам пријавено, веројатно како реплика, уште двајца пратеници, господинот пратеник Ѓорѓи Котевски и потпретседателот, господинот Томислав Стојановски.

Како реплика, а не како учество во расправа.

Има реплика господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека личен проблем е на СДСМ дали може да ги дисциплинира своите поранешни членови или поранешни министри.

Иако тие се одметнале, тоа е сепак нивен проблем. Овде станува збор за конкретна материја, за конкретни актери, за конкретни улоги и тука не треба да се прави никаков пардон.

Меѓутоа, и едно прашање е многу битно и суштествено. Не може СДСМ да ги измие рацете со одредени луѓе кои имаа главна улога, политички да речам дејанија и исто така и во извршната власт, кога тие беа на позиција. Со тоа треба да бидеме на чисто. Станува збор за едно минато што им е припишано ним, а за сето другото, тоа е индивидуална работа што можат луѓето сами да ја избираат или да ја бираат страната. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Томислав Стојановски како реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, јас навистина и на почетокот на расправата по оваа точка од дневниот ред на Собранието, реков да правиме разлика помеѓу интерпелација и работа на Анкетна комисија. Што, кој од тие два институти има значење. Оваа појава Анкетната комисија ја цени како јавен интерес. Меѓутоа, интерпелацијата се однесува за одредена личност.

Овде расправаме за појава. Кога ќе говориме за таа појава да видиме кои се учесници и дали тие луѓе имаат политичка, кривична или друга одговорност. Затоа, во последниот став од членот 76 од Уставот на Република Македонија, говори да се изместат одредени органи надлежни за оваа работа.

И, господин Поповски не треба да води сметка толку дали ќе закачи некои од личностите затоа што ние не сме надлежни за лична одговорност. Овде расправаме за една појава во која учествувала целата Влада на господинот Бранко Црвенковски и од таму е нашиот момент.

И, ако мисли дека само преку Фрчковски ќе се реши целото прашање, навистина се во грешно опозицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, уште на почетокот да изнесам една аномалија кои одредени дискутанти уште на самиот почеток ја отворија дилемата околу значењето на основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки на министерствата и во другите владини органи. Со самото однесување веќе смислата за водење расправа по оваа точка уште во почетокот се изгуби.

Прво, денес се дискутира многу касно и тоа 15 месеци откако е формирана оваа Анкетна комисија. Во тој однос дискусиите попримуваат политиканство, добиваат во боја да попримат политички маркетинг, а со самото тоа го губи и значењето извештајот на Анкетната комисија.

Второ, за значењето на формирање на Анкетна комисија член 76 од Уставот на Република Македонија го регулира ова прашање за начинот на формирање на анкетни комисии и нивната надлежност во натамошната постапка. Надлежност на Анкетната комисија е наодите на комисиите се основа за воведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавни функции. Такви веќе ги нема на јавни функции, за кои Анкетната комисија расправа.

И по мене ова е она битното што не треба да го имаме предвид при формирање на вакви комисии. Со денешната расправа кој сегмент на Анкетната комисија не е запазен, отсуствува политичка одговорност на носителите на јавни функции, прозваните од страна на Анкетната комисија не се веќе носители на јавни функции, не се на власт и т.н. Овој сегмент може да констатира дека секое друго елаборирање од тој вид е беспредметен, како што е беспредметна и дел на расправата што се води во Собранието на Република Македонија од поедини пратеници. Собранието може да констатира што е многу битно во конкретниот случај злоупотреба.

Но, другата работа е многу важна, што соодветните органи и институции на државата треба да го осветли до крај тој проблем. Јас сум присталица работите да се осветлат до крај, а во конкретниот случај досега нам ни затајуваат државните органи и

органите на правосудството. Ако овие органи беа на ниво на својата задача, ние денеска ќе бевме спремни и на разликите ќе им одговоревме и во смисла на тоа што некогаш добрите и упатени политичари ќе му кажеа богу-бог и попу-поп.

Трето, без разлика дали зел денар, или милиони денари од буџетската каса неоправдано, по мене е виновен и треба да одговара пред правдата. Тој и таквите да се црвенеат пред судот и да го најдат своето место во самото општество. Таквите по мое треба во општеството да си знаат каде им е местото и до каде можат да се шират. Работата на Анкетната комисија не смее од ниту еден пратеник да се доведува во прашање дали била потребна, или не била потребна, дали во неа има аргументи или нема. А тоа го слушнав и од позицијата и од опозицијата од говорницата на Собранието со наводно менување на тезите и обратно. Тоа по мене е многу сериозна работа. Сите ние тука, а и надвор било каде да можеме да бидеме во организација криминалот, да се сузбие не само овде во Собранието, туку и надвор треба да бидеме единствени доколку сакаме на криминалот да му застанеме на самиот пат, доколку сакаме да ни функционира правниот систем и правната држава.

Во спротивно може и по не знам колку пати да формираме анкетни комисии и други работни групи и тела, тоа ќе зависи од нашето однесување, криминалот или ќе се прошири и ќе поприма димензии, или на самиот криминал ќе му застанеме да го спречиме на самиот пат. Доколку сакаме тој да биде пресечен во корен, со него нема право ниту позицијата, ниту опозицијата комотно да се однесува. Таков комодитет и компромис не сакам во ниедната страна. Ние како што гледам трет ден од расправата во Собранието во тој однос многу комотно се однесуваме против криминалот и кога апла се гледа ние кон него воопшто никакво внимание не му посветуваме. Во секој случај мораме да бидеме спремни да се соочиме со секаков вид криминал не само сега, туку и во иднина.

Еден од главните столбови на една демократска заедница е борба против секаков криминал. Ова го бара нашата јавност, тоа го бара нашето секојдневно опкружување, тоа го бара јавноста на Република Македонија. За партијата на демократски просперитет чиј член сум и јас, тоа е заправо борба против криминалот е програмска определба. И тоа како модерна партија што дејствува во Собранието и надвор од него. Развивање на демократските процеси и тоа гледано од најчувствителните би рекол проблеми кои ги загрозуваат демократските процеси. Тука несомнено спаѓа борбата против секаков вид криминал, корупција, трговија со белото робје па и други злоупотреби, борба против жолтиот печат во РМ и т.н. Од овој аспект треба да се гледаат многуте проблеми што ние ги имаме.

Четврто, информациите во Извештајот се опфатени во глобала, не е детална информацијата, треба да признаеме. И како што гледам во материјалите една детална информација и од дискутантите дека не било можно да се направи. Злоупотреба по наодите на Анкетната комисија ги има каде некои бројки од она што можев да увидам во Извештајот од 300 страници, некои бројки делуваат дури и застрашувачки, дури не можело поинаку и да се третираат и зошто во конкретниот случај на Анкетната комисија да не и веруваме. Зошто да не им се верува на дечките што припремаа ваков материјал.

Исто така имаме една забелешка во припремата на извештајот на Анкетната комисија, недоволно му е посветено внимание на времето кога Република Македонија се осамостои, период кога сите сме свесни беше со многу дилеми, да се биде или да не се биде. Така во времево некои ситуации околу нас и околу Македонија се одвиваа. Тоа беше многу тешко време, деликатно време, време кое во себе носеше непозната историска ситуација, комплетно променети политички и општествени односи.

Во извештајот на таа димензија и тежина на времето недоволно внимание и е посветено. Треба да признаеме, некои сегменти и институции на системот не можеа поинаку и да опстанат. Тие сегментни државни и институции треба да функционираат, но истовремено треба да се опремуваат.

Свесни дека тогашната ЈНА зеде се што можеше да одземе, дури и сијалиците од тие простории. Прашувам, што таа заправо остави кога веќе ја напушти Република Македонија, мислам за ЈНА. Со тоа не сакам да бранам никого, ничие лице заправо. Доколку е евидентно тоа што Комисијата ни презентира злоупотреба на државни пари. Тука не можам да направам компромис, ниту да се сложам и кога би сакал не можам. Анкетните комисии секогаш би требало да се формираат како што е зацртано и во Уставот и да се однесува за луѓе кои вршат такви функции во политичкиот систем и во државава. Ова е пост фестум по мое и малку од се она што можевме ние и да слушнеме, да слушаме еве трет ден на одреден начин ако не друго успеавме да ја девалвираме тежината на самата материја, што беше од

Анкетната комисија до сите пратеници во Собранието на Република Македонија. Со една напомена дека тој тренд на однесување е уште по страшен, уште повеќе димензиониран што е уште потешко криминалот и злоупотребата на државниот имот денеска власта не е во состојба да ја контролира. Да не е овој извештај на Анкетната комисија кога сака да се девалвира и кога му е заправо и најчиста намерата во конкретниот случај нарачателите тоа да го направат реда ради и лов во матно. Или пак да не сте свесни дека нештата одат со таква брзина и овој лов во матно, што еве пред јавноста и во Собранието, а целта ви е тоа колку што можам да разберам, со право да ставите еден испустен вентил за евентуално нешто ако тркалата на нештата се менуваат.

Сигурно сум сфатен што сакам да кажам. Тоа треба да го признаете дека тука оние што притискаат после 15 месеци, сакаат да добијат во време и јавноста кога веќе застана на своите две нозе, нивното внимание да се повлече на другата страна со прст: држете ги лоповите.

Јас не сакав ниту временски ниту од вашите поставки од позицијата да ја деградирате оваа Анкетна комисија и целиот извештај од Анкетната комисија. Сега да го поправам тоа што го реков пред малку, реда ради, во случајов произлегува дека извештајот на Анкетната комисија е ради реда. Од овој аспект ако ги гледаме работите навистина се загрижувачки, тие се исто толку застрашувачки и за денешната власт. Но, за разлика и во денешната власт нема сила која може да го демантира енормното ајдучко однесување. И општо е познато дека денешната Влада во политика сака да остане само поради тоа што главен мотив и се парите. Во едно интервју неќна го рече господинот Петар Гошев. А тоа веќе скоро секој ден нам ни е јасно, ако не е на дневен ред ова тогаш што тема е на дневен ред. (Реакции од место).

Ова не било на дневен ред. Претседателе, ова не е прв пат да се упадне кога јас сакам нешто да елаборирам. Ако ми дозволите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас морам уште еднаш да интервенирам и да ви укажам дека треба да се придржувате на дневниот ред. Точка на дневен ред е Извештајот на Анкетната комисија. Се знае за кој период. Ако имате нешто во врска со оваа Влада како работи, или Министерството, тогаш на една наредна седница можеме да се договориме дали го продолжуваме мандатот, било на оваа Комисија, или да формираме нова комисија, која ќе работи на тоа.

Мислам дека ваква треба да постапиме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Некои одделни сегменти на структурите дури се натпреваруваат кој повеќе ќе грабне. Некој спомна вчера и неќна, вие од едната страна навистина доста го експлоатиравте овој феномен, не само сега, туку и порано, кражби, малверзации, незаконито богатење и друго. Дури не бил ниту еден поштеден од тој аспект, да не бил прозван ајдутин, предавник на државните и на националните интереси и т.н. Наодите наведени во Анкетната комисија немаат рогови.

Сите трчаа пред некој дел од земјата и во дадени ситуации се прикажувавте како месии, кои што во своето политичко делување мислеа дека се убедени апсолутно да покријат се со демагогија, до тој степен што се вика апсолутно демократско однесување, демократски определби, борци за човекови права, борци за човекови слободи, а кога обичниот човек ги слуша, ги гледа во практика имате претстава, односно се добива слика на анти борци за човекови права, анти борци за слобода, криминалци, какви ничии пример не се, што е тешко споиво да ве споредува со нешто во овој период и на прагот на XXI век.

Кога обичниот човек чита дневен печат, слободните медиуми, па дури и тој жолтиот, кој се контролира од трипартитната владина коалиција, се соочува со такви евидентни факти, едноставно обичниот човек не може ни да поверува дека тие се случуваат во Република Македонија, пред овој сиромашен народ - Македонски, Албански, Турски и сите други што Република Македонија...

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господине пратеник Сејфедин Харуни, ќе Ве замолам уште еднаш да се држите на точката што е на дневен ред и немојте да ја злоупотребувате говорницата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За жал нив ги водат луѓе кои во исто време се патриоти и предавници, во исто време глумат поштени ајдути - борци за човекови права и слободи и истовремено се толку демагози кои немаат степен, никој не им е равен, ничии пример така перфидно не се маскираат, дури не можеш да ги препознаеш кога веќе се во улогата на камелеон. Неверојатна мимикрија, не сфатливи работи се случуваат кои веќе попримаат стравично тешки државни и политички димензии.

Единствено народот овие девијации ги гледа и тој самиот го дига и гласот.

Расправата по извештајот на собраниската Анкетна комисија, за испитување на јавните набавки во одделни министерства на поранешната Влада, од период 1992-1998 година отвара многу прашања за иднината на правната држава во Република Македонија. Тоа е актуелно за многу нешта што се случуваат и во денешната Влада на Република Македонија, на чие чело стои господин Љубчо Георгиевски. Со право можам да поставувам прашања дали таа правна држава воопшто заживеела во нашиве простори, наречена Република Македонија. Засега такви шанси во Република Македонија немаме и не гледам.

Зошто, прашувам повторно? Затоа што носителите на јавните функции што ги поставила народната волја не му одговараат на ничиј закон, не полагаат сметка пред ниту еден правосуден орган. Тие се одговорни само пред своите партиски статути, одговараат само пред партиските лидери, тие одговараат само на своите истомисленици, тесни партиски интереси, тие си шетаат слободно низ Република Македонија и никој нив не ги гони. (Реагирање на пратениците).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господине пратеник Сејфедин Харуни, повторно Ви укажувам да се држите на точката што е на дневен ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Одделни господа моќта која со себе ја носи функцијата, ја сфатиле како скала за преку ноќно богатење, без мера и без срам! Тоа го прават во името на народот, односно во името на нивните избраници.

Анкетната комисија ... (Реагирање на пратениците). Дозволете да завршам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вака не можете да завршите, затоа што тоа не е на дневен ред.

Се знае што е на дневен ред и мислам дека не треба да ја злоупотребуваме говорницата. Не треба да вршиме политички маркетинг.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Треба, тебе ти е дозволено да седиш тука и да ја прикриваш вистината?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Не е тоа вистината.

На дневен ред се знае што е.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Знам јас што е на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тогаш придржувајте се на дневниот ред.

Вие говорите за нешто што не е на дневен ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Криминал и корупција нема време кога не е актуелно.

Пушти му ја говорницата. (Реагирање на пратениците).

(Исклучено е озвучувањето во салата, а господинот Харуни продолжува да зборува).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Надвор од дневниот ред не може овде да се разговара.

(Меѓусебен дијалог меѓу господинот Халими и Сејфедин Харуни).

Јас пред еден час не ја водев седницата.

Сега ја водам и мислам дека сум во право тоа што го кажувам.

(Господинот Сејфедин Харуни не ја напушта говорницата).

Анкетната комисија ни ги понуди резултатите од својата истрага наместо истрагата да ја направеа компетентните органи.

Но, сепак резултатите од оваа истрага од толку поминато време, проговори против сите оние кои својата функција ја злоупотребиле за своите тесно партиски и лични интереси.

Тоа е тој дел што треба да се цени од страна на Анкетната комисија, а воедно треба да се цени и тоа што е можно право.

Од право никогаш да не не болат очите.

Службите нека го отстранат од говорница.

(Господинот Харуни упорно настојува да зборува).

Добро, пуштете го озвучувањето.

Ве молам, продолжете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Анкетната комисија ни ги понуди резултатите од својата истрага, наместо истрагата да ја направеа компетентните органи. Но, сепак резултатите од оваа истрага од толку поминато време, проговори против сите оние кои својата функција ја злоупотребиле за своите тесно партиски и лични интереси.

Тоа е тој дел што треба да се цени од страна на Анкетната комисија, а воедно треба да се цени и тоа што е можно право. Од право никогаш да не не болат очите.

Анкетната комисија се формира пред 15 месеци. Таа доцни во презентирањето на

фактите, затоа во тој дел може да се каже дека во многу го девалвира нивниот труд. Но, не и без цел и без ефект во даденото време... (Реагирање на пратениците).

Јас сакам да кажам сега. Земете го сечиј стенограм, тој што стриктно се држел на тоа. Некој дури влезе и во долниот веш на некого, дека биле крпени или не, сега мене ќе ми кажете што треба да зборувам. (Реагирање на пратениците). Вие дури и на тоа отидовте да го кажете пред јавноста. Бидете малку трпеливи.

Трите партии, трите лидери на коалиционата Влада, со по полистички јазик на народот му го покажаа клучот за влез на Македонија во XXI век. На перфиден начин тоа се правеше и многу умешно, арно ама тогаш од агол на опозиција. Собравте многу поени, по ваше однесување: токму инсистирајќи на обесправеноста и на осиромашување на обичните граѓани во Република Македонија од поранешната власт, кога го доведоа на просјачки стап. Доста беше вулгализиран процесот со денационализација, преку ајдучката приватизација, кои станаа преку ноќ богаташи со туѓи пари во времето на транзицијата.

Воедно сега заборавате да кажете дека тој народ вчера доста го слушаше тој демагог и демагошко однесување, а денеска уште повеќе да кажете пред тој народ што го лажевте вчера држете ги ајдуците, затоа што ние толку можевме и да покрадеме. По ваше мислење и убедување криминалците од претходната власт, за кои доста долго и широко се говореше во собраниската говорница, се бара, тие да се соочат со правдата да се казнат и местото нивно барате да е во зандани. Тука се сложувам доколку сме свесни кога на криминалот, треба да му се стави точка во Република Македонија.

Вие од Анкетната комисија не го направивте тоа пред 10-15 месеци, во времето кога требаше да се направи тоа и да се расправа, туку чувте експлозија на многу афери познати не само вам, туку и на пошироката јавност дека новата власт до гуша заглави, затоа ова што е многу племените, во конкретниот случај лично од вас и во ова време се девалвирате. Денешната власт до гуша заглави.

Не сакам да се сфатам дека сум во улога некого да го бранам, напротив, тука се сложувам со мерките кои треба да се превземат од соодветните органи, против сите оние кои дошле во судир со законот и да им се суди.

Но, сепак Вие треба да се сложите дека Владата на Република Македонија, на чие чело е господинот Љубчо Георгиевски со тајфата или со сортата, како ќе нарече ... (Реагирање на пратениците).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни... (Реагирање на пратениците).

(Господинот Харуни упорно настојува да зборува).

Има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Во Собранието на Република Македонија прв пат слушавме сорта, прв пат слушавме тајфа, како еден наш ценет пратеник почна да гагаричи во самата сала, па сега сум принуден на член на таа коалициона Влада да му одговорам, бидејќи на друго место и нема. (Реагирање на пратениците).

Вие и натаму народот го лажете со напади врз сите ваши политички противници. Тука треба да се сложите дека стрелите се таму ориентирани против Вашите политички противници. Токму сега на јавноста и е позната и присутна сиромаштија, а воедно таа со голо око гледа во кој правец конкретно Вие стрелате. Кај Вас и натаму остана да го дигате гласот и во отсуство на аргументите, а кога имате аргументи секоја чест. Го дигате гласот многу, напаѓате како по онаа народната, "држите го крадецот". Денес сте Вие виновни на сето тоа што и денес ни се случува.

Но, овој пат малку МОРГЕН, тиквата веќе низ вода не Ви оди. Анкетната комисија зборува само за минато време, ни реченица не напиша за денешното време. За минатото време аферим (благодариме), но, за денешното време ништо не пишува за тренд, кој со уште поголема брзина се движи.

Дека ваквиот начин на работа на денешната Влада главен мотив е што повеќе да се краде и народот што повеќе да се осиромашува. Ни збор не се напиша во 300-тата страници на Извештајот на Анкетната комисија, дека иднина немаме за нашите деца во држава како што е Република Македонија. Зошто не се сетивте ни збор, барем во заклучоците на оваа Анкетна комисија да го споменете земјотресот, односно криминалот кој од темел почна да ја руши Република Македонија.

Во Извештајот на Анкетната комисија ништо не напишавте дека ајдуците на народниот капитал се сите исти, на било која партија и припаѓаат, за наша несреќа тие во Република Македонија ги има во изобилство, од било кој период порано, па и сега. Вие не сте кадри да го контролирате подземјето и мафијата во Република Македонија, која од ден на ден зема се поголем замав.

Владата на Република Македонија и соодветните министерства, наместо да го сузбиваат криминалот се опуштија по организирано тоа да го направат. Наместо да го сузбиваат криминалот, тие го легализираа. Анкетната комисија има многу работено. Доста дискутанти ја сведоа дури само на оштро на политичките противници, со што го девалвираа трудот и намерата на самиот Извештај од Анкетната комисија. Таа е она што некои чесни пратеници во своите дискусии навреме го повлекоа вниманието на своите сопартијци да не напаѓате, или па Комисијата за прашања на изборите и именувањата, не паѓате во стапици нарекувајќи менување на тези. Ништо не е точно дека станува збор за менување на тези, туку преку тези сите во Собранието се препознаваа себе си.

Денешната власт расправата по Извештајот на Анкетната комисија, го прави само поради тоа да си ги покрие своите криминални досиеја, што не е ничии пример. Со тоа власта настојува да извлече паралела дека крадевте Вие, а зошто да не можеме и ние, со цел да се покрене вниманието на јавноста оти опозицијата е таа што беше и е глодар и предавник на државните интереси, што изедоа се и сешто. Тие се тие што го предадоа дури и државниот интерес.

Не можеме да се сложиме не контролирано да се трошат буџетските пари, без оглед на која Влада да се, дали е тоа од поранешната влада, а дотолку повеќе кога имаме сознанија дека и оваа Влада до глава ја утна работата, справувајќи и занимавајќи се со криминал.

Арно ама, денешната власт недозволеното однесување го прави со марифет и ич не и трепери окото, се бори да му стапи капак на се со благослов на божја волја: крстејќи се пред иконите, едните, додека другите земајќи абдес: "помогни ни боже, наместо прости ни боже".

Дневните информативни партиски билтени контролирани од власта, не остануваат далеку зад тој рефрен, туку се многу блиски до своите нарачатели, до своите газди, со тој рефрен - помогни ни господе, на своите газди им пеат песни, пишуваат ритуали и оди, како газдите го реализираат грабежот. Ништо не читаат што странските агенции пишуваат, за екипаж кој на долго и широко се шушка и внатре во Република Македонија влегувал и дека е вплеткан. (Реакции во салата).

(Претседателот предупредува за ред во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Се шушка на долго и широко дека истата власт е вплеткана и заглавила во самиот криминал. Владата што е вплеткана во овие партиски и други активности, од типот што веќе може да се нарече "Боливија", со санкции, па нешто нафта, па нешто оружје, па нешто дрога, се повеќе бело робје... (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, уште еднаш и ќе ве исклучам.

Ќе ве молам, сега ќе разговараме, рековме ќе формираме комисија, ќе го продолжиме мандатот и ќе зборуваме за тие прашања. Немојте сега.

Дајте, прекинете веќе. Прекинете, да не ви го земам зборот, не би сакал...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Република Македонија се повеќе се злоупотребува на прехранбени артикли за широка потрошувачка, перење на пари и како се легализира шверцот и криминалот. Поинаку не можат да пишуваат нашите уредници. Имаат страв од газдите, дале збор пред своите газди дека ќе бидат послушни и партиските билтени така ќе ги уредат, свесни дека казната од своите патрони може да ги стигне. За ваков морал може да се зборува на таквите уредници, кои строго, строго се контролирани и пишуваат порачки, по порака на своите газди. Ним, аферим.

Тоа го прават со марифет, со една единствена цел да им помагаат на своите газди, што побрзо поткопување на темелите на оваа држава и дотолку повеќе дестабилизација на РМ.

Тоа е веќе доцна, многу доцна да се контролира подземјето и мафијата што делува во РМ. Гласот на народот сред Плоштадот се слушна. Народната казна е блиску. За кратко време станавте огромна архива... (Реакции во салата). Претпоставувам...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам г-дине Харуни.... (Бурни реакции во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претпоставувам и кога би биле и кожни, наредната казна божја ќе ве стигне, а за вас спас нема. (Бурни реакции во салата со тропање). Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам и другите дискутанти што ги имаме овде, ако сакаат што е можно по кратко и да се држат за извештајот, бидејќи веќе навистина, некои овде спомнаа дека на пошироката јавност сме и досадни,

ако одиме со вакви екскурзии.

Добро би било да се даде конкретен предлог, да се прошири надлежноста на Комисијата, а не да се коментираат одредени состојби.

Но добро, однапред не можам да знам кој за што и како ќе говори.

Само сакам да укажам и на другите дискутанти, што ги имаме денеска овде, ако можат по кратко, за да можеме конечно еднаш да завршиме со расправата.

Имаме уште четири дискутанти.

Сакам денеска да ја завршам расправата, бидејќи утре имаме комисии, а во четврток почнува редовна седница.

Според тоа, денеска би требале да ја завршиме расправата.

Збор има г-динот пратеник Биљал Љутвии.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, ќе се обидам да бидам што по краток во дискусијата, оти за овој Извештај, односно за работата на Анкетната комисија беше кажано се и сешто, па затоа нема да ве заморувам многу со мојата дискусија.

Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки е конкретно сведоштво што зборува за злоупотреба на должноста на припадниците на бившата власт, со посебен акцент на бившиот министер за одбрана и на бившите министри за внатрешни работи. Не треба трошење многу памет дека овој Извештај е добра материјална проба за Јавното обвинителство на Македонија, за да покрене иницијатива за правна одговорност на сите оние кои ја злоупотребиле нивната службена должност.

Од дебата во Парламентот по повод Извештајот на Анкетната комисија, сум на мислење дека никој нема причина да се револтира и да го подигне гласот, се разбира покрај тие кои ја имаат, како вели народната поговорка "мувата под капата", чија работа не се опфаќа во овој Извештај, ниту за добро ниту за лошо.

Иако и учениците во основните училишта, ако би сакале да направат една таква анализа, логично да направеле, ќе прашале како може едно лице пред помалку од 10 години избрано за пратеник, едвај да доаѓаше на седниците на Парламентот со авто-стоп, а со малку искуство како министер, обезбеди не само патно возило, меѓутоа и ред други работи, па дури и луле за пушење, па и тестии за да се моли.

Во Извештајот на Анкетната комисија каде се зборува за МВР, Министерството за одбрана, меѓу другото, во Предлог заклучоците се вели - постои сомневање на злоупотреба на службената должност на екс министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски и Томислав Чокревски. Сомневањето кај двајцата е силно засновано на факти и останува само да веруваме на тие факти.

Но, јас сакам да додадам дека, овие вакви министри биле стручњаци за злоупотреба на нивната извршна должност. Ова не го велам за засмејување, оти сум свесен дека овде не е место за исмејување, но сакам да додадам дека времето на убиствата и приведувањата на тетовскиот Универзитет 1995 година во Тетово, се спојува со времето на владеењето на г-динот Фрчковски, а времето на убиствата и на приведувањата, како и малтретирањата на Албанците во Гостивар и Тетово, се спојува со времето на владеењето на тогашниот министер за внатрешни работи Чокревски.

Всушност, Тетово или т.н. афера со оружје на Фрчковски и Гостивар и Тетово за Чокревски било едно замаглување, намерно причинето од Фрчковски и Чокревски, за да може на овој начин полесно да ја злоупотребат нивната должност, бидејќи се знае, "волкот сака магла" и пак да се продаваат како патриоти.

Но, за доброто на сите нас тука во Македонија, таквиот патриотизам не го купувале граѓаните на РМ. Во 1998 година, по повод парламентарните избори се знае, а потоа и на претседателските избори 1999 година. Јас ќе додадам да не даде Господ таквиот патриотизам да го купува некој, затоа што ние сме сведоци на фактот дека што се случило во пределите на бивша Југославија, како со оние што го продале тој патриотизам, така и со оние кои го купиле.

Почитувани колеги, бидејќи многу се зборуваше за извештајот на Анкетната комисија, нема повеќе да се задржам, само ќе го додадам следното, го поддржувам Извештајот на Анкетната комисија, ја поддржувам идејата, односно предлогот оваа Комисија да ја продолжи без прекин работата, бидејќи на овој начин ќе тргне процесот на уривање на корупцијата и на злоупотребата на државните функции. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Биљал Љутвии за учество во расправата.

Збор има г-динот пратеник Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Како што кажа Филип, после толку долготрајна расправа, од морален аспект, од политички од правен аспект, од аспект на позиција, од аспект на опозиција, од аспект на групација, уште малку остана да се каже, макар нема ништо ново да се каже, единствено може нешто поинаку е дефинирано или кумулативно нешто да се констатира, после сите овие дискусии. Барем ќе се обидам, така се надевам, не сум голем оптимист.

Прво, би сакал свој коментар во врска со целисходноста на поставување на оваа точка на дневен ред, целисходноста на формирање на Анкетната комисија, целисходноста на целокупнава расправа и конечно, целисходноста и оправданоста или прифатливоста на Информацијата, што ја добивме од Анкетната комисија.

Најповеќе напаѓана беше работата на Комисијата и формирањето на оваа Комисија и точката на дневен ред, заради тоа што, како беше кажано, ваква дискусија и ваква Анкетна и работа на Анкетна, би можела да поведе само политичка одговорност на оние кои се предмет на таа Анкетна комисија.

Но, друг дискутант рече дека тоа е веќе завршена работа, тие луѓе веќе не се актуелни политичари, функционери, но не би се сложил и токму за тоа нешто ќе кажам. Имено и те како е актуелно, бидејќи ако тие луѓе и личности врзани со тие дејствија што биле предмет на Анкетната комисија и за карактерот на тие дејствија, видовме доволно од Информацијата, иако не се денеска актуелни функционери, меѓутоа и денеска постоја и тие функции, постоја тие министерства и тие служби, а постојат и политички партии од кои потекнуваат тие функционери што беа на расправа денеска, политички партии што пак би сакале да ја освојат власта, да ги имаат истите функции истите министерства. Затоа е актуелно и те како од политички аспект да зборуваме за оваа Информација.

Понатаму, мислам дека актуелно е токму заради едно тврдење на претходен говорник за тоа дека Парламентот е во една инфериорна положба фрлено денеска, од власта. Не сакам да го цитирам, кажа некои предлози што беа не умесни.

Би го прашал истиот и целиот Парламент, ако имаме чувство сите дека сме во инфериорна положба, па нели работата токму на оваа Анкетна комисија и заклучоците што ги донесе Информацијата, се токму во таа улога и таа цел да бидеме во помалку инфериорна положба, бидејќи работата во оваа Анкетна комисија за периодот од изминативе осум години, во секој случај не се однесува и нема значење за тие осум години. Секако имаат значење и важење и за актуелниот момент за денеска, а се од важност и значење и за иднината и како искуство и како поука и како предупредување во крајна линија. Би сакал да констатирам дека, за мене лично, информирањето од Анкетната комисија и нејзината работа и оваа точка на дневниот ред е и те како целисходна и мислам дека ќе биде продуктивна, ќе вроди со некои резултати. Единствено не би била целисходна и би била залудна, доколку целата работа на оваа Анкетна комисија не вроди со конкретни резултати. А, конкретните резултати се токму од ова Собрание, со заклучок за една политичка одговорност на актерите. За правната одговорност е во надлежност на органите, Јавното обвинителство, истражните судии и судот.

Можеби току затоа, ако сите се залагаме за правна држава, да се стопира криминалот, овде и не станува збор само за криминал, туку и за не одговорно работење. Мораме да разграничиме криминални дејствија од не одговорни или ноншалантни однесувања, кога од едно министерство во кое, според Буџетот средствата се наменети за конкретни работи, се префрлаат во друго министерство за други цели, место да се оставаат тие работи во надлежност на она министерство во кое се, па за наредната година да може по прецизно да го дефинира и формира Буџетот.

Што е овде, по малку, зачудувачко? Од опозицијата не слушнавме конкретни дискусии, туку глобални дискусии што всушност, токму одеа во една насока, во замена на тезите. Замена на пореметување на системот на вредности, пореметување на системот на лоцирање на одговорностите. Тука беше очигледна политичката димензија и борба на опозицијата, што едноставно вината сакаше да ја префрли на позицијата и тоа како.

Ако од една страна имаме извештај на Анкетна комисија во кој имаме егзактни податоци, Извештаи што говорат со цифри, со бројки, настани и т.н., збор не се слушна во одбрана или во прифаќање на тој извештај, во осуда, макар што беа некои работи давани во форма на сомненија или конкретни обвиненија, не стана збор за нешто конкретно од тој извештај да се прокоментира од опозицијата. Говорејќи дека тука има произволности и недокажани работи и т.н., а од друга страна можеме да слушнеме од опозицијата да се развие дискусија на основ на некои шепотења, на основ на некои написи во весниците, а весниците, да не

правиме муабет, ќе искористам прилика и да кажам и за весниците, многу се бориме овде за независно новинарство, но гледам помалку борба за објективно новинарство.

Значи, она што напишале весниците е доста померодавно и можеме да вадиме заклучоци и да изнесеме обвиненија, а Извештајот на Анкетната комисија ни со приближно мала сериозност не е прифатен, токму од страна од опозицијата да се прифати конкретна дискусија по одредени забелешки и констатации што беа изнесени во Извештајот на Анкетната комисија. А, целта е очигледна.

Затоа многу пати стана збор, политичка борба. Значи, да се амнестира се што било слабост на претходната власт, да се амнестира дури и доколку постојат конкретни показатели, докази, извештаи на анкетни комисии, а да се зборува на основа на претпоставки, како што беше, се извинувам, но ќе го спомнам г-динот Китановски, кога беше на точка кредитот за набавување на опрема за МВР.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Нај паушална претпоставка дека не е целта на таа набавка на опрема, возила и т.н., не е целта за да се решат потребите на МВР и нашата безбедност, туку основен мотив е криминалот, профитот. Значи мора да правиме муабет за нај паушално изнесени претпоставки и обвиненија. Овде имаме конкретни извештаи, а од опозицијата не слушнавме ништо. Не слушнавме за цените на оклопните транспортни возила, не слушнавме ништо за обрасците, за разликата во цените. За оправданоста на очила или не. За купувањето на коњи, за оправданоста на спонзорирање на Министерството за внатрешни работи на фестивали и т.н. и издавање книги.

Јас едно време размислував дали е доволна причина и дали има тежина да осудиме или да го ставиме под знак на прашање, на оправданоста на спонзорирање фестивали или издавање книги, бидејќи ете така размислував од било каде ако се помогне на културата е добро. Но, сепак ќе го поддржам господинот Столе Попов, дека вистината е од него искажаниот став по ова прашање. За културата сепак е подобро да си се грижи Министерството и институциите на културата, а Министерството за внатрешни работи е повикано пред се и воглавном да се грижи за проблемите кои се во ингеренции на тоа министерство.

Бидејќи и трпението е при крај, би сакал да кажам дека за мене лично е многу јасна целисходноста и оправданоста од формирање на оваа Комисија, од постоењето на оваа Комисија, од продолжувањето на мандатот на оваа Комисија и нејзината работа, бидејќи еве и овој извештај, јас очекував и по сензационално показатели во тој извештај и информации, меѓутоа и ова што го имаме во тој извештај, толку доволно зборува за едни состојби, злоупотреби, не одговорности во работата на одредени министерства и други институции. Во секој случај информацијата е прифатлива, добро беше што е на расправа овде, бидејќи и ние како пратеници ако не беше оваа информација и работа на Анкетната комисија тек - тук од некаде или од весниците ќе разберевме, а вака имаме една валидна информација од Анкетната комисија и можевме врз основа на тоа да дискутираме и да расправаме и конечно јавноста да биде од најдобро место информирана за овие работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Рубенс Наумовски за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, се наметнува прашањето дали Анкетната комисија која доби мандат од ова Собрание, си ја сработи работата и

Второ, дали Анкетната комисија треба да продолжи, или да престане, да си поднесе оставка.

Слушнавме многу дискусии од многу наши колеги пратеници, се бегаше од основната работа. Тоа беше дали Анкетната комисија ја сработи онаа задача што ја доби, затоа што, знаеме дека ова е прв Извештај, прва јавна отворена дебата во Собранието за работата на Анкетната комисија. Знаеме како се формираше Анкетната комисија. Ја формиравме од сите политички партии во Собранието со консензус. Се договоривме дека ќе се заврши работата и на самиот почеток рековме дека никој нема да ја злоупотреби Комисијата за политички отстрел на било која политичка партија или поединец. Не знам од каде сега плашење да се продискутира јавно. Ја извртевме работата на Комисијата. Сега би требало да прочитаме, затоа што и јавноста веќе и самата не знае што е работата на Комисијата. Во самиот извештај стои што е задачата на Анкетната комисија. Да ги

испита јавните набавки во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година. Кај корисниците на единките. Корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, од Буџетот на единиците на Локалната самоуправа, посебно градот Скопје, од буџетите на републичките и општинските вон буџетски фондови, како и кај агенциите и јавните установи и други органи и организации основани од Републиката, кај јавните претпријатија и во друштвата во државата, утврдени во член 1 во Законот за јавни набавки. Ова е работата што требаше да ја заврши Комисијата. Што ни се случи?

И на самиот почеток при формирањето Комисијата беше многу амбициозна. Си дадовме еден рок. Моето укажување беше дека ние оваа работа не можеме да ја завршиме, затоа што имаме огромен период и уште на самиот почеток се споревме, затоа што тогаш СДСМ спореше дали треба или не треба да се опфати и периодот на првата експертска Влада. Се договоривме, го ставивме и тој период. Ги кажавме правилата на играта дека во еден период немаше Закон за јавни набавки, Законот за јавни набавки е донесен некаде 1998 година.

Во прво време одеше директно на договор и имаше огромна, огромна задача. Комисијата работеше, прво беше Министерството за внатрешни работи, па Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, МАНУ и Републичкиот завод за судско вештачења. Токму беше обемен материјалот, посебно во Министерството за одбрана, што гледавме некаде околу 9.650 предмети. Физички да се занимававме, да читавме сите пратеници, а и ги прочитавме, не можеше да се сработи работата. На ред стојат уште многу, многу министерства.

Сега тука сака некој да ја обвини Комисијата, дали Комисијата сработила или не сработила. Јас мислам дека Собранието треба да оцени дали Комисијата, Анкетната комисија ја има завршено работата или ја нема, или пак како е изработено, да се дискутираше по однос на Извештајот и да се дискутираше по однос на заклучоците. Ние ги испревртевме тезите и мене ми е жал што госпоѓа Шеќеринска, како боди-верд на СДСМ, не можеше да го одбрани тоа, затоа што во ни еден момент ние не се договоривме по никого да се фрла. Рековме дека Комисијата треба да утврди политичка одговорност.

Другата работа, главната цел да не се прави злоупотреба, се бара политичка одговорност и втора или трета работа, никој нема право во оваа држава да амнестира некого ако ја злоупотребил јавната функција. Овие работи се чисти и нема што да спориме тука. По сите работи сме единствени. Постигнавме консензус. Што ни се случува сега. Ги вртиме работите како што ни одговара на нас.

Во делот на степенот на одговорност, политичката одговорност за среќа имаме и сега тука кои се функционери. Господинот Тито Петковски беше претседател на Собранието, пратениците од ПДП кои што непотребно го обвинуваат сегашниот претседател господинот Саво Климовски за сликите. Лично јас кажав ова мене не ми се бендисува, ми личи на кич, го оптоварува Собранието, лично мене, но се согласувам со Собранието.

Ова е направено за време на минатиот состав на Собранието. Ние имаме сега функционер, пратеник, господинот Ханџиски. Го имаме господинот Лазар Китановски, кој е исто пратеник, а беше министер. Го имаме господинот Зибери кој беше министер, а сега е исто така пратеник. Понатаму го имаме господинот Ѓорѓи Спасов, кој исто така беше министер. Ние се договоривме на оваа седница да дискутираме само по овие пет, затоа што ги испомешавме работите, а кога ќе дојде ред како што се зборува, дали господинот Ѓорѓи Спасов примал од две места плати, како амбасадор или не примал, кога ќе дојде ред за Министерството за правда, ние ќе утврдиме дали има или нема и нема бегање од одговорност на никој. Ние или ќе ја завршиме работата или нема да ја завршиме.

Се апострофираше, зошто не се завршила работата во минатиот состав. Мене ми смета господинот кој е и член на Анкетната комисија, Ризван Сулејмани кажа се, само не кажа дека и тој беше еден од членовите на Анкетната комисија во минатиот состав. На иницијатива на Либералната партија во минатиот состав, формиравме Анкетна комисија. Точно е дека претседателот на Анкетната комисија беше од опозиционата Либерална партија. Имињата се: Слободан Најдовски, претседател; Мирко Трифуновски, член; Ристо Масев, Николина Трајановска, Ризван Сулејмани, Ќенан Хасипи и Руфи Османи. Тоа беа луѓето кои на 25.3.1997 година се оформи Анкетната комисија. Што се случи?

Дојдоа изборите, по наше барање, може да даде одговор само господинот Тито Петковски како претседател, ние баравме цела година, јас ја имав таа среќа и во минатиот состав бев во Парламентот, цела година ние баравме, се бегаше од одговорноста да се постави на дневен ред на пленарна седница на Собранието. Што направија? Оставија големо сомнение. И тогаш ќе ги дискутиравме, затоа што и извештајот, записникот од онаа Анкетна комисија стои за многу злоупотреби.

Истата таа Анкетна комисија во минатиот состав ги има утврдено во делот на јавните набавки во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи. Еве тука е Извештајот, кој не дојде на разгледување. Од кои причини познато е. Беше изборна година, 1998 година и се плашеше СДСМ да ги стави, затоа знаеше што ќе се случи, ќе се отвореа многу работи, но видовме како помина и со јавните набавки и без јавните набавки, изгуби СДСМ.

Сега, се поставува прашањето, која е политичката одговорност. Ако нема политичка одговорност кај овие поединци, кои и сега се пратеници, главната политичка одговорност ја носи СДСМ. Тоа е политичката одговорност, таа партија и сега партиципира. Таа е главна опозициона партија. Тука што е спорно? Ние не рековме дека ќе ги амнестираме и сегашните министри. Ќе отвориме расправа да видиме дали и оваа Комисија работи или не работи.

Тоа се битните работи, а ова препукување преку едни, преку други, дали Комисијата работи, дали Комисијата некој ќе ја употреби или злоупотреби, мислам дека е работа што не држи. Посебно мене ми смета и како член на Комисијата. И тогаш реков дајте да прекинеме со работа, влегуваат претседателските избори. Ја прекинавме работата на Комисијата, шест месеци не работевме, за да не направиме штета на било кој од можните кандидати. Затоа што и господинот Тито Петковски како претседател, беше кандидат на СДСМ. Ја прекинавме работата и се договоривме принципиелно.

Каде сега се повикуваат членови, кои беа членови на СДСМ, избегаа од одговорноста и сега ги вртиме тезите. Работата секогаш била транспарентна. Секогаш кога работеше Анкетната комисија, секогаш работевме пред новинарите и секогаш беше отворено за сите јавни медиуми. Ако се залагаше СДСМ за транспарентност, тоа е многу добра работа и на екс премиерот Бранко Црвенковски. Зошто? Да види кои се во неговите редови и најлесно ние ќе му ги елиминираме. Наместо тој да си прави проблеми меѓу нивните членови, кои се високи функционери, ние ќе помогнеме од таму да види, затоа што добар дел на членовите на СДСМ не знаат за нивните министри, дали ја вршеле работата чесно и поштено и дали ја злоупотребувале. Тоа не е страшна работа. Во целиот свет постои политичка власт. Ако се работи за криминал, криминалот не застарува и нема тука што да спориме.

Посебно ми смета и кажав дека Извештајот не треба ние како Анкетна комисија, како Собрание да го задолжуваме Јавниот обвинител. Јавниот обвинител си работи по сопствено свое убедување. Јавниот обвинител си бара свои акти, си бара свои решенија. Немојте ние пред време да ги судиме сега луѓето. Многу беше битна сега изјавата на господинот Поповски. Разграничуваме едни под заштита, други под заштита, значи луѓето се виновни. Ги осуди, што мислат дека е многу невкусна работа. Ние кога зборувавме и во самата Комисија рековме да не спомнуваме ни поединци, не носиме никаква политичка одлука, со задни намери да ги осудуваме. Работата треба да си ја завршат се знае кој. Обвинителството и судските органи.

Тука говорницата ја злоупотребуваме, ја користиме да ги осудуваме тие луѓе. Тие ќе бидат виновни тогаш кога ќе поминат сите инстанци. Сите инстанци кога ќе поминат, тогаш може да се каже дали е тој виновен или не. Ова е само утврдување и ние утврдивме дека има политичка одговорност. Тука не е спорно. Со ова може да завршиме.

Многу невкусна работа е да се извртат работите. На таа теза да се девалвира работата на Анкетната комисија. Ние дали завршивме, дали го положивме испитот, ќе кажат пратениците во Републичкото Собрание. Дали треба уште да работи, или целата работа е дпласирана, или да прекинеме, затоа што постојат уште многу, многу министерства, многу јавни претпријатија. Или да ја прекинеме целата работа. Тоа треба да биде главната поента на оваа седница.

За заклучоците во принцип сум да не се прејудицира. Јас не сакам да одат заклучоците до Јавниот обвинител. Да не се врши притисок, судството е независно. Да ги оставиме да си ја завршат работата.

На крајот за тоа дали има основно сомнение. Се спореше тука дали постои основно сомнение, материјалот и заклучоците кои ги дава. Мора да кажеме дека ние како Анкетна комисија на самиот почеток кога почнавме да работиме имавме опструкција од ресорните министерства на оваа Влада. Не доаѓаа, не ни дадоа редовно материјал. Сите материјали кои ние ги гледавме се истите тие материјали кои ги гледаше претходната Анкетна комисија. Материјалите не ги спремавме ние во Комисијата, ние ги добивавме материјалите. Многу работи ни испаднаа во јавноста, во дел скинавме некои работи од Државна тајна, Строго доверливо, во делот на она што значи безбедност на Република Македонија.

Можеби не требаше да се зборува за некои сегменти во одбраната, но така се договоривме, така одлучи Комисијата, Министерствата го симнаа ембаргото на строго доверливо и продискутиравме. Сега дали ние ќе имаме реперкусии од другите држави кои работат со Македонија во делот на набавката, дали ќе бидеме сериозни, тоа се други моменти и ќе покаже времето.

За крај, не треба да се плаши СДСМ. Ако испадне од целата оваа работа дека нема виновни, тогаш СДСМ ќе биде победник и нема причина да се плаши. А ако се утврдат одговорности, се знае каква е постапката. Не може никој во оваа држава никого да амнестира, ни актуелната власт. Тоа е добро што скоро сите пратеници се согласија и има расположение Анкетната комисија, дали оваа, дали ќе ни дадат мандат или ќе формираме нова, да се испита и работењето на актуелната власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Слободан Даневски за учество во расправата.

Збор има господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Дилемата кај мене беше во кој обем да зборувам за Извештајот на Анкетната комисија. Дали да зборувам опширно, а би можел да зборувам два - три часа, а од друга страна дали да биде тоа нешто минимално, што ќе личи на правдање.

Бидејќи не мислам да се правдам во никој случај, се одлучив за едно оптимално потребно време за да укажам на причините, приликите и последиците, зошто се ова се случува, особено кога без основа се спомнува едно име, се пласира во јавноста при тоа, без да се води сметка дури и од аспект на Анкетна комисија, дали процедурата е запазена.

Најнапред како дојде до оваа ситуација? Некои од овие работи веќе сме ги кажале, па само ќе ги набројам без да ги коментирам.

Најнапред одлуката беше политичка. Според мене, дискредитација на функционерите на сегашната опозиција. Да не го оставам само како проста фраза, би илустрирал со аргументи. Затоа што, Анкетната комисија беше формирана за јавните набавки. После сите натегања, иако е тоа според наше мислење спротивно на Уставот, сепак се согласивме дека секој треба да одговара во крајна линија. На кој начин, ќе видиме понатаму. Меѓутоа, не само јавните набавки, па се истражувало финансиското работење во Министерството, па станбените прашања, што зборува за една лоша умисла.

Сакам да кажам дека, ако беа јавните набавки во ред, да разговараме за јавните набавки. Од тоа извлекувам заклучок дека целта била пред се политичка дискредитација на поранешните функционери. Значи, ова се аргументите. Инаку, не оспорувам дека во секој момент може да се истражува и станбената политика во одбраната и финансиското работење и т.н.

Главниот проблем според мене, ако ја исклучиме политичката дискредитација на политичкиот противник, е во формирање на нестручна екипа во Министерството за одбрана, на која и е ветено унапредување.

Инаку, тогаш имаше амбициозна екипа која дојде во Министерството, која спроведува наредба, се разбира на владеачката структура, владеачките партии и мора овие луѓе да ги дискредитираат, а за поздрав Вие ќе добиете унапредување. Тоа е таа група на пуковници, кои со решение се ставени да анализираат нешто...

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Притоа спротивно на законските прописи и токму законот предвидува дека можат да се случат вакви работи. Јас ќе ви кажам кои се тие законски прописи. Тоа помина и на Комисијата.

Тие вршат една селективна документираност на набавните случаи кои ги истражувале, т.е. вршат една не комплетна документација, затоа што ако би оделе на внимателно следење, како се формира предмет во Министерството за одбрана, ќе видиме дека нема никакви малверзации, нема

злоупотреби, нема криминал, беа кажани тешки зборови. Јас не сум многу погоден, право да ви кажам, бидејќи сум работел совесно и чисто, меѓутоа имам семејство, имам син, имате и вие синови, а и ќерки и не ви пожелувам никогаш да бидете во ваква ситуација.

Станав најмногу заради тоа да зборувам и заради македонската јавност, доколку МТВ не ме исклучила од програмата. Значи извршена е нестручна анализа и од тука се извлечени нестручни и не објективни заклучоци, кои Анкетната комисија едноставно само ги прифати. Впрочем тоа беа исказите на членови на Анкетната комисија, дека тие воопшто не се впуштале во тоа дали е точно тоа што пишува во тие материјали. По мене Анкетната комисија ќе требаше да провери, барем тие што ги одбрале, дали е тоа така. Сега тоа можам да го илустрирам, бидејќи беше спомнато.

Наводно не се водело сметка за исправноста на храната на војниците. Со тоа не сакам сега да ја враќам полемиката, меѓутоа сакам да кажам дека не е точно. Во армијата постојат од пет до седум контроли. Еве ви документ каде што Ветеринарниот институт тврди дека млекото е исправно, па три контроли во Министерството. Ако сакате ќе ви прочитам, затоа што некој спомна дека нема конкретни забелешки. Еве го документот. Зборувам од аспект на тоа дека Комисијата можеби е излажана, а таа не направила напор да оди до крај.

За КИК Куманово, Кожара Куманово, цената е различна. Различна е за футролите, затоа што на КТК Куманово се од кожа, а овие што се понудени од другите понудувачи се од платно и тоа по потекло од СРЈ. Па сега, ве молам времето на траењето колкаво е на кожата и на платното, кога се употребува. Вие тоа расчистете си го, тие луѓе што ви дале такви податоци. Покрај другото КТК, ние почнавме да правиме стандардизација на нашата опрема и примерокот го има направено КТК, тоа се нарачува обично, во случајот, бидејќи е тоа наш еминентен кожарски комбинат, да направи узорак, кој од Комисијата е прифатен. После тој примерок се дава, по него се распишува тендер и секој кој се јавува треба да ги исполни тие услови, па цената може да биде различна. И што е интересно, ви се молам, во Заклучокот на Комисијата стои дека во овој дел од записникот имаме идентични ставови, значи со Комисијата. Таа вели привилегирано се однесуваме спрема домашното производство. Комисијата за тоа не критикува. Па јас да бидам 100 години министер ќе го привилегирам домашното производство. Кое министерство во светот тоа не го прави, кажете ми еден пример. Меѓу македонското производство и странското ќе го привилегирам македонското производство, затоа што таму има работници кои треба да земат плата.

И друга работа, има законска одредба за привилегирање на македонското производство. Респектирањето на домашното производство е регулирано и со член 63 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи, во поглед на средствата во општествена сопственост, што ќе ги користат. Тоа се застарени закони меѓутоа важат и денеска.

Опремата и потрошните материјали се прибавуваат од следните услови, вели законот, да бидат од домашно производство, значи ако се работи за овие државни институции, да одговараат спрема капацитетот и другите својства на потребите за кои се купуваат, да се прибават во количество потребно за вршење на работите и работните задачи на политичките органи и т.н. Значи има законски основ. Значи мојот став е и политички, а имам и законски основ да го преферирам домашното производство.

Понатаму во дискусијата околу ова нестручно работење, не комплетно, извлекување на документација, потребна да се обвини некој, не правата документација. Се вели дека се давани аванси, иако авансите се регулирани со закон. Сега да видиме на кого сум јас давал аванс. Не сум давал на ојлевци дојлевци, морам да кажам дека тука сум малку изнервиран. Еве на кого сум давал во 1997-1998 година. Тоа се: "Македонка" – Штип, каде што имаат 1.500 вработени, "11 Октомври" - Прилеп 1.200 вработени, "Сувенир" - Самоков 480 вработени, "Готекс" - Гостивар 800 вработени. Што мислите, зошто е даван аванс на овие претпријатија, за да можеме да ги спасиме, да земаат плати работниците, додека дојде време за реформа, чекор по чекор да се реорганизираат. Примерот со "Еуроинвест". Ние одевме на раздвојување на делот што е за производство на воена опрема, од цивилниот дел, меѓутоа тие луѓе треба да живеат од нешто. И вели, или не наплатени долгувања. Од кого да бараме, од "Сувенир" од Самоков, или "Македонка" - Штип, не испорачале на време. Каква е тоа загуба за Македонија ако задоцниле два или три месеци. Да им бараме камата за тоа? Па тогаш треба да ги ликвидираме. Јас да сум бил уште министер пак ќе сум давал за да можат да земаат плата, за да можеме да ги спасиме луѓето, додека не дојде време за реформирање и на овие гранки. Знаете текстилот е голем проблем секаде во светот, не само во

Република Македонија. Од тој аспект морав да кажам, Комисијата не успеа да се справи со еден проблем, па ќе се вратам после на законската рамка на сето ова.

Најмногу што ме погоди како поранешен министер, изјавата на некој си полковник Маџировски, или како се вика не знам, кога пред целата македонска јавност изјави дека заради тоа што не се купувале панцири, заради тоа загинал војникот Крстановски. Пред моето одење се купени 500 панцири од прворазреден квалитет. За тоа треба да се побараат документи во Министерството. Меѓутоа имам документ од Министерството, известување вели: "Во време на вонредниот настан, на ден тој и тој караулата Блаце должеше 19 исправни панцирни елеци. Во моментот на случувањето на вонредниот настан седум панцирни елеци биле со војниците на реон, кои биле на обезбедување на државната граница, пет во патрола и два за набљудувачи. Во тој момент на караулата останале 12 панцирни елеци, од кои еден лично го должел војникот и т.н. и т.н.".

Ве молам прво треба Комисијата да се справи со луѓе кои даваа такви лажни информации, односно Министерството за одбрана. И би можел за сите овие работи да дадам потребни одговори.

Сега би се вратил на правниот основ. Законите сепак треба да се почитуваат. Зошто? Треба да се почитуваат, за да се избегнат ваквите состојби. Еве кои се надлежни, ќе ви стане јасно зошто сакам да го кажам ова, кои се надлежни за разно разни контроли во министерствата и во случајот во Министерството за одбрана. Тоа се прави според Законот за органите на управата, Закон за Републички буџет, Закон за извршување на Републички буџет, Закон за финансиско работење и на крајот Закон за јавните набавки. Сега внимавајте. Во член 64 од Законот за јавни набавки од 1998 година, е утврдено дека надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии, бидејќи тоа има нај специјализирани и нај оспособени стручњаци за финансиско испитување. Со применувањето на овие закони се анулира можноста за нестручно и неквалификувано вршење на инспекциски надзор, од работници кои што имаат друга специјалност. Во конкретниов случај создадени се услови за многубројни недостатоци, бидејќи во целиот записник има премногу нестручна интерпретација на контролираните предмети. Да не зборувам за тоа дека, кога веќе се инспектирало и било добро да се повикаат, ако не мене како министер, јас би дошол без проблеми, барем луѓето кои работеле во Министерството, да објаснат зошто и како постапувале.

Значи првиот пропуст, надлежно е Министерството за финансии, затоа што тоа има нај оспособени луѓе за тоа.

Второ, усвоена е Завршната сметка на Буџетот за 1998 година и нема никакви забелешки. Сите овие пропусти Министерството за финансии е должно да укаже на нив пред усвојувањето на Завршната сметка. Штом таа е усвоена се смета дека во Министерството е се во ред.

Трето, можеби Комисијата не знаела, меѓутоа во нашата држава постои Државен завод за ревизија и Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на расходите, финансиските трансакции и финансиските извештаи за ова Министерство за 1998 година, значи целата година.

Еве што е задача на Државната ревизија. Државна ревизија претставува и постапката на испитување на финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи, во смисла на законското и наменското користење на средствата. Значи тие не нашле дека ненаменски се трошеле средствата во Министерството. Меѓутоа, уште повеќе, член 3, Државната ревизија опфаќа и давање на оцена за користењето на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност.

Овој извештај, за жал на јавноста и на Комисијата се наоѓа кај министерот во сефот и тој никому не го дава. Во таа ревизија има само две забелешки, ќе ви кажам кои, за да видите дека се работи за сосема друга материја. Има забелешка дека не е извршена ревалоризација на основните средства во Министерството. Точно е, затоа што ние се уште ја немаме уредено таа област. Тоа беше досега, во мое време и сега е останато.

И второ, средствата што Министерството за одбрана ги има добиено како приход од разни меѓународни активности и тоа од НАТО и Партнерство за мир, не поминале преку Народна банка на Република Македонија, туку директно во готово се уплаќани во Министерството за одбрана.

Морам да ви кажам дека пракса е при вежбите, при семинарите, тоа е пракса во НАТО, средствата да се даваат директно на Министерството, бидејќи тоа има трошоци, да речеме кога ја организиравме вежбата или вежбите кои беа во Република Македонија. Тоа од нивни аспект не е пропуст, меѓутоа Државната ревизија смета дека е тоа пропуст и тука веројатно постои некоја објективна одговорност, меѓутоа тие бараат да ги дадат

директно на Министерството, не знам од кои причини. Можеби се има таква пракса, министерство со Министерство за одбрана да комуницираат на финансиски план, со тоа што се разбира има евиденција, таа се води дупло, се води кај нас и се води во НАТО, односно земјите кои ја донираат Република Македонија.

Значи ви кажав четири законски основи, кои покажуваат дека нема никаква злоупотреба. Тоа се завршени извештаи на државни органи, а Комисијата предлага, вели дека постои сомнение за појава на ненаменско користење на буџетските средства и понатаму една друга работа вели постои сомнение за злоупотреба на службена злоупотреба и пречекорување на овластувањата од страна на соодветниот министер и т.н. Видете, да бидете вие министер и да ви се налепат вакви етикети како би се чувствувале, кога знаете дека сте постапувале според Законот, дека чесно сте работеле.

И на крајот, беше најавено дека овие документи биле дадени до Јавниот обвинител. Досега во оној список што беше даден, таму моето име не беше спомнато, на некои други министри, рековме да не спомнуваме имиња. Што значи дека ако Јавниот обвинител досега имал основ сигурно нешто ќе покренел.

Затоа ве молам ако имате доблест, не навлегувам јас кој како работел, на крајот на краиштата секој си одговара за својата работа, можеби кај некои други министри има некакви пречекорувања.

Јас се обидов да ви укажам најкратко што можам, дека додека јас работев не сум пречекорил никакви овластувања и ако имате доблест мислам дека вие ќе треба да го измените тој дел од заклучокот. Реков заради јавноста, на крај заради моето семејство и заради вас затоа што ќе остане документ дека тој и тој министер, без разлика утре можеби ќе биде некој министер од вашата Влада, ако му се вака налепат етикети, а работел според Законот, ќе остане во документацијата на оваа држава. Тоа не е добро ни за нас како опозиција, ни за вас како позиција.

Еве се обидов да не отворам нови полемики, да не ја злоупотребувам говорницата за политичка расправа, туку да кажам дека Комисијата треба да смогне сили да ги преиспита овие заклучоци кои ги нуди.

Се разбира реков секој министер си одговара за својата работа и лично. Благодарам за вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Лазар Китановски за учество во расправата.

Го имаме сега на крај, веројатно како можност да појасни некои работи и претседателот на Комисијата господинот Чедо Петров.

И ги молам сите пратеници да влезат во салата, бидејќи после тоа ќе извршиме регистрација кои се присутни тука.

Има збор претседателот на Анкетната комисија, господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Расправата на Анкетната комисија, односно на Извештајот од Анкетната комисија и Предлог - заклучоците трае четири дена.

Ги ислушав дискусиите на сите пратеници и од позицијата и од опозицијата и навистина не можам да сфатам опозицијата на еден таков начин, перфиден да се обиде да ја сврти целокупната дискусија на работењето на Анкетната комисија, а воопшто ниту со еден аргумент, исклучувајќи ја последната дискусија на господинот Китановски, да се демантира она што е дадено во заклучоците.

Најнапред сакам да кажам дека оваа Анкетна комисија беше формирана во ова Собрание и изгласан нејзин мандат, со предмет на работа, анкетирање на соодветниот период 1991-1998 година, по што Комисијата, по конституирањето отпочна со работа.

Најнапред би сакал да кажам дека за ова конституирање на Комисијата и доделувањето на мандатот, односно предметот на работа на Анкетната комисија, анкетирање на јавните набавки на министерствата и јавните претпријатија, односно корисниците на буџетските средства, го добивме од тука и гласавме сите пратеници, сите пратенички групи за формирање на оваа Анкетна комисија.

Полека, по конституирањето на Анкетната комисија и избор на претседател на Анкетната комисија што беше тука во Собранието, отпочнавме со работа и барање на целокупната документација од сите субјекти кои би требало да бидат анкетирани.

По добивањето на материјали од одредени министерства и одредени правни лица што требаше да бидат анкетирани, Комисијата во состав која што имаше и членови од сегашната опозиција, поточно од СДСМ двојца и од ПДП двајца членови, работевме се до отпочнување, односно после

првата седница на разгледување на материјалот за Министерството за одбрана.

Во работата на Анкетната комисија, редовно беа поканети и редовно учествуваа претставници од соодветните министерства, што беа на дневен ред на расправа на Анкетната комисија. Воедно, при работата на Анкетната комисија се договоривме да работиме транспарентно, што и на почетокот го ветивме. За соодветните материјали што беа под велот на строго доверлив материјал, побаравме мислење од соодветните министерства за симнување, од кои тоа го добивме. Тоа го добивме како за Министерството за внатрешни работа, така и за Министерството за одбрана.

Како течеа седниците, македонската јавност беше запознаена преку медиумите и на овие состаноци, по искажувањето, по разгледувањето на материјалите за МВР беа уредно поканети и спомнатите министри, односно господинот Љубомир Фрчковски, господинот Томислав Чокревски и господинот Саздов, за да можат да се изјаснат по сите овие материјали, што беа добиени од МВР. Во тој момент од господинот Фрчковски добив допис, а и во јавните гласила пишуваше дека Анкетната комисија не е суд и дека Анкетната комисија не може да ги повикува на разговор и е навреден од тоа што беше повикан да учествува во расправата, давајќи свое мислење пред Анкетната комисија.

За господинот Фрчковски, кој беше министер во определениот анкетиран период, говорат повеќе факти од приложените аргументи.

Господинот Фрчковски, најнапред се огласи во јавните гласила бранејќи се, а мене оваа вечер, од оваа седница ми е драго што и СДСМ призна, односно потврди и прифати дека господинот Фрчковски, за ова за што ние се сомневаме, исто така и тие беа сомничави и мислам дека СДСМ на тој начин би требало да биде коректен и да ја прифати оваа аргументација.

Сакам да кажам дека, дури би повикал и господинот Глигоров, почитуваниот екс претседател, добро треба да се размисли кого именува за директор на "Фондацијата Глигоров".

Со оглед работата на Комисијата беше врз основа на документација изработена од комисија при самото МВР, што е соодветна и што ги контролира јавните набавки, значи станува збор за стручна комисија. На основ на даденото нивно мислење и сугестии за одредени предмети што беа отворени јавни набавки, ние побаравме не само нивно мислење, туку и документацијата, поаѓајќи од распишување на тендер, доколку постои, избор на кој начин е избран, фактурите, дали постојат понуди од повеќе претпријатија што се понудени.

Меѓутоа, за ова што е напишано и за ова што е искажан сомнеж, уште еднаш потврдувам дека сомнежот е основан, а понатаму останува на органите да проверат и потврдат или го отфрлат тоа во што ние се сомневаме.

Не можам да сфатам, ние се уште да стоите, како членови на Анкетната комисија, и јас како претседател на оваа Анкетна комисија, за цело време зборувам за искажан сомнеж за злоупотреба на службена должност и пречекорување на овластувања. За сомнеж, додека Вие господо дискутирате за сегашната власт, што ја немате ниту анкетирано, дека е арамилак, дека се лопови и не знам што. Не знам со кое право барате, односно обвинувате, а немате погледнато ништо. Но, стоиме ние на располагање како позиција и сме на мислење, а ние и јас како член на Демократска алтернатива покренавме иницијатива за формирање Анкетна комисија, што ќе го испита и соодветниот период, односно тековното работење на сегашната актуелна власт. Од тоа нема да се повлечеме, доколку се разбира биде подржано од поголем број на пратеници во ова Собрание.

Навистина, немав намера да дискутирам конкретно, а и немам намера бидејќи беше разработено во три дена од многу пратеници, меѓутоа господинот Лазе Китановски, ме инспирира да кажам само, но не пак директно, со она што ние имавме можност да го согледаме, од доставената документација на комисијата што беше формирана во Министерството за одбрана, дали се тоа стручни лица, тоа господине Китановски јас не знам, меѓутоа веројатно некој во тоа Министерство води сметка какви лица и се полковници по чин, верувам дека станува збор за стручни лица. Дали има тенденција, тоа не можам да го докажам, меѓутоа на основа на доставената аргументација од страна на тоа Министерство, ние стоиме зад заклучокот, односно искажуваме сомнение во работењето на овие носители најавни функции во соодветниот период.

Што се однесува до извештаите што ги покажувате дека Министерството за финансии е надлежно да врши контрола на финансиско - материјалното работење на Министерството, тоа е точно. Тековно, тие имаат право и може да контролираат, меѓутоа ние како Собрание и тоа е

предвидено дека може да се формира Анкетна комисија и да ги испита работењето, односно јавните набавки. Во Извештајот што врши една финансиска контрола, Извештајот не може да биде, ниту една финансиска контрола не прави дали тендерот е распишан, дали се побарани повеќе понуди, јавните набавки не се предмет на анализа, односно на контрола на контролорите на Управата за јавни приходи при Министерството за финансии.

За конкретностите не би се навратил, меѓутоа останувам и предлагам ова Собрание, овие заклучоци, предложени од страна на комисијата, да ги усвои, а записникот заедно со предложените заклучоци, да ги достави до соодветните републички органи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедо Петров за учество во расправата.

Господинот пратеник Никола Поповски побара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, господо пратеници, јас ја разбирам реакцијата дека сите сме заморни, верувајте и јас сум заморен од 30-часовно слушање на сите дискусии.

На крајот на краиштата и јас сум пратеник со право на збор, координатор на пратеничка група и моето право за јавување постои како и Вашето. Дали било првиот или последниот ден, тоа е сосема и релевантно, особено што голем дел од пратениците, дискусиите што ги прочитаа првиот ден си ги прочитаа денес уште еднаш, па никој не реагираше од СДСМ.

Само сакам да отфрлам некои од ставовите на господинот претседател на Анкетната комисија, кои што мислам повторно сега покажа со својот последен настап, дека всушност Анкетната комисија не е Анкетна комисија за истражување на јавните набавки, туку тоа е политички егзекутивен орган на коалиционата власт, за да егзекутира нешто од поранешната власт. Самиот настап на господинот Петров укажа на тоа директно. Ќе посочам и зошто.

Мислам дека, прво во име на пратеничката група како координатор да ги отфрлам обвинувањата на оној кој ја предлага точката на дневен ред, тоа е претседателот на Комисијата и во име на Комисијата, кој кажа дека СДСМ на перфиден начин се обидел оваа точка на дневен ред да ја искористи во своја цел. Апсолутно, мислам дека тоа е за отфрлање, затоа што нашиот став е дека коалицијата, со формирањето Комисија на чие чело сте Вие, успеа на перфиден начин Вас да Ве стави во позиција да се, да речам, пресметувате со СДСМ, не на начин кој е дозволен, туку на начин што го одбравте во овој одговор на Анкетната комисија. Дозволете да објаснам зошто е тоа така.

Анкетната комисија беше формирана веднаш после конституирањето на Собранието, со намера до 1 јануари 1999 година да ја заврши работата. После, уште во текот на седницата, се пролонгира датата уште за некој месец. После тоа се пролонгира некаде до април. Анкетната комисија не ја заврши работата. Мислам дека за тоа има две причини:

Првата причина е неспособноста на Анкетната комисија да ја заврши работата така како што Собранието ја дава како задача. Таа задача не е завршена ни до ден денес.

Второ, желбата на Анкетната комисија и на оние кои стојат зад неа да манипулира со Анкетната комисија до бескрај во овој парламентарен состав.

Анкетната комисија, всушност, денеска не ни достави нам Извештај за она за што беше формирана, Анкетната комисија денеска достави парцијален Извештај, по четвртото продолжение на нејзиниот мандат во траење од 1,5 година, со цел парцијално да го усвои Извештајот. А, намерата е да продолжи да работи, веќе на задутрешната седница ќе усвоиме документ до локалните избори и да може, се разбира, да продолжи со работа на некаква политичка егзекутива на оние кои веќе не се на власт. И, верувајте, однапред сме уверени во фактот дека, кога ќе дојде септември или октомври, кога ќе поминат локалните избори, никој нема да ја затвори работата на оваа Анкетна комисија, туку само ќе поднесете извештај некаде во очи на локалните избори за да се добијат политички поени пред изборите и ќе го пролонгирате рокот до идните парламентарни избори, и тогаш ќе си ја довршите работата, повторно парцијално. Секогаш кога во државата ќе се појави некој проблем, на пример со купување некоја фабрика на Берзата, без процедурата што е потребна, Вие тоа да го поклопите со Анкетна комисија за нешто што некој правел пред 5 години, наводно по криминални дејствија.

Исто така, дозволете, во име на пратеничката група да ги отфрлам инсинуациите дека СДСМ, сака со оваа дебата некого да осудува или да заштитува, а кој бил под надзор на Анкетната комисија. Апсолутно ја отфрлам како инсинуација таквата клевета, да речам од страна на господинот

Чедо Петров. Немаме никаква намера тоа да го правиме, па ниту за господинот за кој Вие сега говорите.

Не е точно дека ние, практично со оваа расправа сме сакале да ја префрлиме темата на други точки од дневниот ред или да антиципираме некаква појава. Не е точно ни она што го рековте сега, во очи ова, дека ние на перфиден начин сега ја префрламе расправата за сегашната Влада. Мислам дека овој парламентарен состав треба не на перфиден начин, туку на легитимен начин да ја префрли расправата и на таа работа.

Дозволете само да кажам еден пример, што на пример мислам дека може да се легализира и да не биде под присмотра на Анкетната комисија, што евентуално би се формирала за испитување на јавните набавки на оваа Влада. На пример, Вие никако нема да можете да обезбедите една Анкетна комисија да испита како може да биде корумпиран суверенитетот на Република Македонија, затоа што тоа е политички став на оваа Влада и на некои нејзини протагонисти. На пример, Вие ќе формирате Комисија за јавни набавки, меѓутоа нема да можете да ја откриете корупцијата врз суверенитет на Македонија, затоа што сте го покриле со легитимен акт, објавен во Службен весник на Република Македонија, на пример, со признавањето на Република Тајван.

И сега, не сакам никаква злоупотреба. Меѓутоа, како една Комисија за јавни набавки ќе дојде до сознание дека јавната набавка не е со финансиски средства, туку дека е вложен суверенитетот на Република Македонија? Тој суверенитет подразбира можност некого да признае Македонија. Во овој случај, тој суверенитет е искористен за коруптивна цел. По пат на продажба на суверенитетот е призната држава, која од никого не е призната и сега Вие под јавни набавки тоа нема да можете. Оваа власт, која Вие сега се обидовте да ни ја префрлите нам, почнува да го легализира својот коруптивен систем.

Има уште еден пример, на пример Вие ја продавате целокупната општествена сопственост или државен капитал, што е заостанат по пат на легализација.... (Реакции во салата).

Дозволете, не е ова надвор од темата. Само ги правам паралелите на предлогот дека ќе ги испитаме и овие јавни набавки. Како ќе испитаме, на пример кога Вие со закон го легализирате коруптивниот материјал во Владата? На пример, Вие прво донесовте закон, со кој ниедно општествено претпријатие не може да го продава својот капитал на Берзата, ако Владата не определи дека е тоа стратешка инвестиција на некој стратешки партнер. Со закон легализиравте дека Владата може да ги викне од "Хелeник петролеум" и во непосредна спогодба, тајно да ја продаде Рафинерија на оваа компанија. Што значи дека тоа е веќе во системот влезено, корупцијата, што Вие не можете сега да испитате дали имало легален тендер за продажба на ОКТА. Вие го покривте тоа со закон.

Затоа ние се сомневаме во вашите намери да се испитува легално. Вие, во легалниот систем почнавте да вградувате коруптивни елементи. Еден пат тргуваме со суверенитетот на Република Македонија, друг пат со создаденото национално богатство.

Тоа што сакам да го кажам за начинот на кој мислам дека почнува да се манипулира со оваа Анкетна комисија.

Прво, дозволете, кога веќе беше дозволено на господинот Батковски, еден строго доверлив материјал по име и презиме да се цитира од говорницата, јас нема да го цитирам, меѓутоа со оглед дека претседателот ни го достави и со оглед дека е доставен по оваа точка, претпоставувам дека треба да предизвика некаква наша реакција, да не информира.

Прво, мислам дека е скандалозно од една институција што е избрана и основана од Собранието, тоа е Јавното обвинителство, да доставува документи како што се доставени под строго доверливи или каков степен на доверливост, за тоа како јавниот обвинител презел поединечни кривични предмети по кои постапува. И вели дека се тоа поединечни. И сега, замислете, тука нема ниту еден поединечен кривичен предмет за шверц со дрога, за убиство, за криминал од потежок карактер. Ниту еден. Тие поедини се сведени на политички избор на обвинителот, во насока да ја поткрепи работата на Анкетната комисија. Тоа е политизација на Јавното обвинителство, во корист на партиите на власт. Вовлечен е Јавниот обвинител. Ни извршил некаква селекција на поединечни кривични предмети од кои, најголемото кривично дело не е ништо во споредба со стоте први кривични дела што сега се тркалаат во Јавното обвинителство. Зошто е ова доставено, веројатно е одговорен за да се поткрепи дека Јавниот обвинител нешто преземал по Извештајот. Да биде употребен во политички цели.

Меѓутоа, сега сакам да го кажам она за што го дадов овој вовед со Јавниот обвинител. Господинот Петров сега ни кажуваше нам овде дека имало, еве го земав документот да не импровизирам, да прочитам. Во заклучоците што тој ги нуди, постои сомнение за злоупотреба на положба. Постои сомнение за појава на ненаменско користење на буџетски средства. Буџетските средства за 1998 година, господинот Китановски тоа го укажа, констатирате со заклучок дека биле ненаменски користени. Ама, да потсетиме дека завршната сметка за Буџетот за 1998 година ја усвоивте токму Вие, на предлог на Владата, без ниту една забелешка.

Оваа држава има Државен ревизор, кој службено треба да го следи користењето на буџетските средства на сите институции. Зошто Државниот ревизор една година не го избравте? Зошто не му дадовте поле за работа? Зошто стручните органи не го испитаат тоа? Зошто Собранието ја усвои Завршната сметка за 1998 година без ниту една забелешка? Зошто Владата ја предложи Завршната сметка на Буџетот за 1998 година, со Закон без ниту една забелешка? Во него не се утврди дека имало ненаменски средства. Сега се појавуваат, екс посте, дека биле. Таа работа, за нас е завршена. Кога се усвоил Буџетот, Завршната сметка за Буџетот за 1998 година, со сите гласови за и за него, било констатирано дека тој се користел во рамки на предвидените намени од Буџетот за 1998 година, тогаш приказната, условно да кажам е завршена.

Она што второ сакам да го кажам, овде Вие кажувате дека постои сомнение за злоупотреба на службена положба и пречекорување на овластувања на поранешни министри и ги наведувате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Знаете, кога се кажуваат волку тешки и сериозни обвинувања, замислете една ситуација, отргнете се малку од стварноста на Република Македонија, во која виртуелно сме вовлечени сите, дека овде можеме да бидеме осудувани, осомничени од Анкетна комисија. Осомничени, замислете. Ајде да се отргнеме малку и да ја гледаме ситуацијата дека е нормална. Комисијата со потпис на господинот Чедо Петров ни доставува акт. Јас не сакам да користам овде имиња, меѓутоа се надевам нема господинот Китановски да ми забележи, тој е тука и тој пример да го земам за анализа по овој документ кој Вие јавно го давате. Постои сомнение за злоупотреба на службена положба и пречекорување на овластувањата од страна на Лазар Китановски. Дали вие господине Чедо Петров мислите дека тоа е толку лесно да се напише. Постои сомнение од највисокиот државен орган. Како резултат на тоа до Јавното обвинителство сте ги доставиле сите документи.

Меѓутоа, во оваа селективна листа од Јавниот обвинител на поединечни кривични предмети по кои тој постапува, името на господинот Лазар Китановски го нема. Што значи дека вие сте донеле извештај во кој сте кажале како Собрание, постои сомнение дека министерот Китановски ја злоупотребил службената положба и пречекорил овластувања. Меѓутоа, за злоупотреба на положба на службена положба и за пречекорување на овластувања Јавниот обвинител треба да поведе постапка. Јавниот обвинител со доверлив акт не информира дека за господинот Лазар Китановски не повел постапка ниту за злоупотреба на службена должност, ниту за пречекорување на овластувања. Повел за некој друг министер на кој не сакам да му го кажам името. Каква е сека одговорноста на Вашата комисија и на вашиот потпис, вие претставувате комисија, меѓутоа предлагате документ на Собрание со кој кажувате дека некој се осомничува, постои сомнение. А обвинителот тоа сомнение го одбива и вели кај мене не постои сомнение. Каква е одговорноста на оваа Анкетна комисија и на ова Собрание да толку тешки зборови ги става за високи функционери во оваа држава, за наши колеги, за поранешни наши колеги, а да притоа нема елементарна основа тоа да го докаже пред Јавното обвинителство. И сега нормално одговорот може да биде: епа за нас постои основано сомнение, меѓутоа за Јавниот обвинител не постои. Па не постои, меѓутоа непријатно е да се спомене тоа. Едно Собрание не може да укаже дека постои сомнение, а обвинителот тоа да го отфрли, затоа што Собранието се вовлекува тогаш во она за што Вие почнавте на другата страна во политички пресметки. Сега како вие очекувате ако Собранието усвои одлука, замислете Собранието дека постои основано сомнение на пример за Никола Поповски и тоа да му се достави на обвинителот. Знаете што ќе помисли прво обвинителот, дека ако јас не постапам по него, тие кои ме именувале и тие кои ни тураат под нос хартии, дека постои основано сомнение, јас ќе бидам разрешен, ќе го вовлечете јавниот обвинител практично со вакви заклучоци во варијантата тој да го прошири својот список за да го зачува својот интегритет. Ние не сме орган кој треба да донесе одлуки дали постојат некакви сомненија. Ние треба, така и во Уставот пишува дека ова е законодавен дом кој

утврдува политичка одговорност, а за другото јавниот обвинител и другите органи кои не би сакал сега да ги нагаѓам, не сум премногу вичен, иако сум доволно вичен кои се органи на прогон во процедура кој поднесува до кого, во какви услови и т.н. Кога Собранието се вовлекува во тоа, тоа е страшна работа, затоа што прво прави преседан и второ, отвора можност Собранието во сите наредни мандати да го прави истото, да се повикува на оваа пракса. Овој Парламент го направил, минатиот го направил, сега ќе го направи и идниот, ќе утврдува сомнение, на обвинителите ќе им ги доставува сомненијата. А овде обвинителот јасно кажал, нема сомнение за тоа. Затоа мислам дека треба малку тежината на јавно искажаните зборови, тежината на документите кои овде ги нудиме да биде поголема од нас. Не може Анкетната комисија да нуди на Собранието, документ со кој изразува сомневање за две кривични дела: злоупотреба на службена должност и пречекорување на овластувања, а во исто време јавниот обвинител со свој доверлив акт да не известува дека од сите тие имиња наведени таму само кон едно повел пријава за водење на кривична постапка. За сите други наведени имиња нема.

Прво, Собранието го губи својот авторитет. Второ тој што го предлага тоа треба да носи некаква морална тежина дека не може секој во оваа држава да се обвини и да се отфрли, ова се Собрание, ова не е МВР па ја поднел пријавата до јавниот обвинител, па тој ја отфрлил како недоволно целосна, неоснована и не знам што. Ова е Собрание, секој ќе размисли што прави.

И затоа мислам дека не треба Собранието да се вовлекува во тие работи, не треба да врши притисок врз јавниот обвинител. На крајот ка краиштата секој кој вршел јавни набавки си има министерство, си има Влада. Сегашниот министер за внатрешни работи нека повели, нека утврди, нека достави до Јавниот обвинител во една нормална процедура. Кога тоа го прави Собранието, кога Јавниот обвинител не го прифатил, а кога ние ќе му објавиме заклучоци дека тој тоа сега треба да го преиспита, тоа е јасен политички притисок врз него. И мислам дека таа пракса ќе создаде клима дека сите наредни Парламенти со сите ќе се однесуваат исто, ќе бараат влакна во јајцето и ќе почнуваат да се однесуваат како органи кои утврдуваат факти до јавниот обвинител, кои самите го бираат и го разрешуваат и на тој начин ќе вршат врз него политички притисок. Ако овој пат го направи преседанот 2003 може да го направи некоја друга власт истиот преседан, 2007 истиот преседан и тогаш едноставно отидовме во сферата на не правна држава, на држава која нема поделба на власта, кој е законодавен, кој е извршен орган, кој е судски орган и т.н.

Затоа, господине Петров реагирав на ваквото ваше заклучување на расправата на грбот на СДСМ, затоа што мислам дека не беше доволно фер од ваша страна така да го превалите и со тоа укажавте не дека имавте намера да извршувате контрола на јавните набавки, туку имавте однапред создадена цел по потреба секогаш кога има проблеми во функционирањето на власта и коалицијата во нашата држава да го влечете како некаков дух овој документ и да го пролонгирате натаму работењето со цел да докажувате тоа што никој не го докажал пред јавниот обвинител.

Во такви услови господине претседателе, дозволете бидејќи завршува расправата да предложам, Анкетната комисија сериозно да преиспита дали ова е начинот на кој треба да се води постапката за предмети за кои легитимно може да ги води и ако преоцени дека не е во ред тоа што се прави да влезе во процедурата, да се однесува по законите кои ние сами ги носиме, а не да ги прескокнува членовите, па ние да бидеме наместо политичка одговорност, кривична одговорност да утврдуваме, затоа што створаме за сите нас, за сите нас без исклучок никулец на такво однесуваше во сите идни состави. Мислам дека тоа не е добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Реплика бара пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувана господо, и што да помисли човек? Ќе слушаш демагогија до несвест.

Ако го разбирам Вашето обраќање господине Поповски, во смисла да ви простиме, да се повлечеме од вистината во ред, може да се разговара на ниво на координатори и пратенички групи да ви простат. Меѓутоа, аргументацијата на Анкетната комисија не можам да се сложам дека за цело време повторно ја извртувате дискусијата во најголем дел од вашиот говор. Најнапред благодарам на укажувањата, но дефинирајте, вие сте почитуван мој колега, што се јавни набавки. Шверцот на дрога кој што го има, дали денес го има, или го нема, тоа е нешто друго. Господинот Китановски рече дека станбеното прашање е во тоа, исто

така не е предмет на јавните набавки и во извештајот и во заклучоците не е ставено. Обработувано од страна на господата и зема збор претставник на одредено министерство и си дозволува да го каже тоа, меѓутоа ние обработувавме строго она што е во нашиот делокруг на работење.

Не можам да прифатам да вие господине Поповски, жал ми е што мораме вака да разговараме, сте дипломиран економист и да укажувате дека завршната сметка за 1998 година е усвоена и за вас завршено. Завршната сметка акоземеме и во стопанските субјекти се усвојува, меѓутоа подлежи на контрола. Жал ми е што секој пат вие сте ставени на браникот да мора да браните нешто што длабоко сум убеден, бидејќи во Вашиот говор ниту на едно место не рековте, овој аргумент не е точен. Ги имате сите 6, 7 предмети, ги разгледувавте и демантирате дали нема основ за искажување на сомнение, на сомнеж од страна на Анкетната комисија. Ве молам конкретно дајте одговор. Во работата на Анкетната комисија за МВР учествуваа вашите претставници, така што МВР беа присутни и кога беше ставен на усвојување заклучокот гласаа воздржано и им беше многу тешко. Јас навистина ги жалам што мораа да се воздржат да не ја кажат вистината на аргументите, затоа што ја претставуваат партијата во која се наоѓаат овие носители на јавни функции кои аргументирано се гледа дека во најмала рака има основаност за да се искаже сомнение. Ако беа убедени дека не е тоа така, ќе гласа против. Гласа воздржано. Продолжија за работата на Министерството за одбрана и по една или две седници се откажаа. Разбирливо дека ќе се откажат и тоа се луѓе кои што се ставени помеѓу аргументите и вистината и помеѓу партиските интереси и партискиот притисок.

Меѓутоа, дека Анкетната комисија е формирана да линчува некого, тоа ниту го прифаќам, ниту е вистина. За прв пат една Анкетна комисија се нафати и тоа чинам дека СДСМ и сегашната опозиција мислеа дека се формира Комисија како вообичаено во нивно време ќе се формира за да не се заврши работата. Господа овој пат не е така. Овој пат ние решивме работата да ја обелодениме, да ја кажеме вистината, онаа што нам ни е достапна на основ аргументите. Можеби има уште предмети, меѓутоа до она ние што можевме да дојдеме е доволно да се искаже сомнеж и да се даде на усвојување на ова Собрание овој извештај. Ние ќе повторам, господине Поповски вие рековте дека ние денес донесуваме одлука. Ние денес не донесуваме одлука. Ние денес го усвојуваме извештајот од Анкетната комисија со предлог - заклучоци. И уште еднаш ќе кажам за цело време ние кажуваме дека искажуваме сомнение, вие повторно не убедувате дека оваа власт прави криминал.

Во едно се согласувам и претходно го реков дека ние како Демократска алтернатива поднесовме иницијатива за формирање на Анкетна комисија која што ќе го испитува сегашното работење на сегашната Влада. И тоа веројатно ќе биде на наредна седница, на прва наредна седница на Собрание и претпоставувам дека сите ќе бидеме за и да избереме анкетна комисија која што и сегашната власт ќе ја контролира. Па и сегашните министри нека се замислат дали е вистина ова што го зборувавме и доколку е вистина, како и дали ова Собрание ќе замолчи. Ветивме и тоа ќе го исполниме барем додека сум член на оваа Анкетна комисија. Ниту еден притисок, ниту од претходната, ниту од сегашната власт може да ме заплаши да се повлечам од аргументите. Со тврдењето дека господине Поповски аргумент повеќе од ваша страна беше речено дека доколку имаше пречекорувања на овластувањата и злоупотреба, досега јавниот обвинител ќе покренеше постапка и за останатите господа, не само за господинот Фрчковски. Па ова е денес на усвојување, работиме три дена. Од доставувањето на записникот господинот јавен обвинител тоа е негова работа, ќе му бидат приложени целокупната документација која нам ни беше доставена, од која што е видливо дека постои основ за да се искаже сомнеж за пречекорување на јавните набавки. За продажбата на јавни претпријатија тоа не се јавни набавки, или не знам кредибилитет и во секоја дискусија повторно се свтвуваат работите ќе се формираат други комисии нека испитуваат и нека потврдат она што е вистината. Дали Анкетната комисија ја заврши работата? Анкетната комисија е конституирана и нејзината работа престанува кога ова Собрание, ќе донесе одлука за нејзино разрешување, а овој Парламент ја задолжува Анкетната комисија да достави извештај до тој и тој датум. Можете да го проверите, значи Анкетната комисија е легитимна комисија која што треба да достави до одредени датуми извештаи. Анкетната комисија со обемот на работата овој извештај го достави на 22 јули 1999 година.

Имајќи го предвид веројатно дека се претседателски избори, па празници, па не е ставен на дневен ред. За тоа јас не сум компетентен зошто не е ставен на дневен ред. Меѓутоа, како Анкетна комисија ние на 22 јули го доставивме истиот овој извештај со овие заклучоци. Но, ве уверувам дека Анкетната комисија ќе си ја заврши работата,

но повторно да не молите да ја симнеме од дневен ред и повторно немојте да молите да не се усвојува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам репликите да бидат малку пократки.

Се разбира дека има право господинот Никола Поповски на реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас прво господине претседателе ќе ве замолам да ми кажете однапред дали мислите на петтата минута да ме прекинете.

Ако не, го користам правото да се јавам за дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека вие се јавивте сега за реплика.

А ако сакате да дискутирате, дискутирајте.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се јавувам за дискусија.

Мислам дека по втор пат предлагачот на материјалот, заклучоците потврди точно тоа во што јас лично се сомневав досега. Господинот Петров овде јавно во Собранието на Македонија повика дека ако некој сака да ни прости, тогаш тоа треба да го каже. Господинот Петров е веќе ставен во функција и во улога да осудил некого, па сега може да даде и простување. Тој јавно кажа дека, дали сакате да ви простиме, не прашува. За да некој на некого прости, прво некој треба да е виновен и за тоа да има судска одлука. И после простува Собранието, како вие што направивте со криминалот, со амнестија или тие што се надлежни по Уставот да помилуваат дел од казната. Не е ова Собрание во функција да простува.

Меѓутоа, начинот на соживување со истрагата од некои постари времиња овде излегува сега на површина и во реториката дека некој на некого ќе му прости. Господине Петров, ниту мене, ниту на нашата пратеничка група не ни треба никакво простување од вас, затоа што не е утврдена никаква вина на никого.

Меѓутоа, кога во име на коалицијата настапува некој со простување, тоа значи веќе е договорена вина. И тоа е она на што ние цело време инсистираме дека не може Анкетната комисија да биде полициско обвинителско судски орган, меѓутоа очигледно не можеме да се доразбереме, вие имате задача која треба да ја завршите. Овде беше изнесена аргументацијата дека завршната сметка на Буџетот се усвојува како и во претпријатијата, меѓутоа може и да се контролира. Проблемот е што ова не е претпријатие.

Во претпријатието завршните сметки ги контролираат надлежните државни органи, меѓутоа ова е завршна сметка која ние сме ја усвоиле, а после која самите сме ја контролирале по втор пат. Овде не се работи за друг орган сега од надвор, туку за истиот орган. Собранието прво ја потврдува, а после во политичка аргументација за политички пресметки ја реутврдува и кажува дека сега завршната сметка не е добро усвоена и дека била злоупотребена по наменски основи. Контролата на тоа нека го каже државниот ревизор. Меѓутоа, вие во ниедна фаза не спомнувате органи вон од Собранието. Вие спомнувате дека вие простувате, дека вие оценувате дека некој е, сега да не ги повторувам фразите од заклучоците, основано сомнителен, или не знам како и дека вие и контролирате. Тоа е она на што ние инсистираме дека е невозможно да се работи во такви услови. Меѓутоа во ред.

Трето, што еве сега прв пат ме зачуди јавно кажано, иако тоа го очекував и длабоко во мене се сомневав дека е така, вие јавно нас ни кажавте, па докажете дека не е така. Тоа е револуционерна реторика. Тој што тврди дека некој е виновен, треба да докаже дека е тој виновен, а не тој што тврди дека некој е виновен, виновникот да докаже дека не е. Ако е така, сега јас можам овде да кажам и за вас исто како што вие нас ни кажавте, докажете дека не сте виновен.

Сега јас можам господине Петров, извинете, бидејќи вие лично ни се обративте на 27 пратеника, да ви се обратам во името на тие 27 пратеници лично. Сега ајде господине Чедо Петров јас да ве обвинам дека вие имате махинации со Алмако банка и Алмако системот и дека тој капитал сте го прелеале во сомнителни фирми.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Сега вие докажете дека тоа не е така. Тоа ли е начинот на работа на ова Собрание. Вие се служевте со таквиот метод сега, ми рековте директно. Докажете дека не е така. Треба тој што тврди нешто, тоа да го докаже. Меѓутоа, сметајќи дека и ни простувавте и не осудувавте и дека контролата ја сметавте таква каква што е, не е воопшто чудно што на крајот мислите дека и ние треба да докажеме. Јас кажав и ќе повторам, вие тоа пак не го слушнавте.

Ако некој во врска со јавните набавки, за вашата Влада не ме интересира, тоа ќе го утврдиме во други прилики, оцени во оваа држава и Владата дека извршил злоупотреба на службената функција и овластувања, нека поднесе предмет до обвинителот и нека се тера во редовна

законска процедура.

Меѓутоа немојте ние до обвинителот, како Собрание, да поднесуваме заклучоци. Дали некој се линчува, запрашавте. Мислам дека со сето ова одговорот е токму тоа.

Втора работа што сакам да кажам, во вашиот речник, вие овде кон нас се обраќавте со виновни, докажете, сомнежи, предмети. Тоа е речник типичен на обвинителство, надлежни органи за прогон и т.н. Мислам дека вие всушност се соживеавте со улогата, политичка улога, да направите од ова фешти. Мислам дека на крајот воопшто не е во рамки на Уставот и правната држава и не служи на чест на Анкетната комисија јавно да соопшти, како што вие соопштивте. Јавниот обвинител ги чека заклучоците за да ги отвори предметите, рековте на крајот и затоа досега не отворил. Мислам дека тоа е она што, еве по трет пат укажуваме, дека е не можно Собранието да му определува на Јавниот обвинител предмети по кои он треба да постапи, со таков вид на политички притисок, како што се заклучоци на Парламентот за обвинителот. Мислам дека навистина е чудно кога вие ќе кажете - обвинителот не покренал, меѓутоа он ги чека заклучоците и по нив ќе покрене.

Мислам дека и на обвинителот, еве јавно, доколку се пренесува уште оваа седница, му упатувам јавно обраќање од СДСМ да се огради од ваквата негова политичка манипулација, дека он само што ги чека заклучоците да покрене постапка, затоа што он како независен не треба ничии заклучоци да чека, особено не од законодавни домови. Он си чека од оние што со законот треба да му доставaт. Така да апсолутно несакајќи ова да се претвори во бесконечна реплика, ова е мојата сепак само прва реплика за која се јавив, немам намера да се јавувам понатаму затоа што на различна бранова должина дискутираме. Меѓутоа кога господинот Чедо Петров не уверува, не ние не доцниме со извештаите и со роковите. Тој беше даден уште во јуни или јули, кога било, нека биде и април, сме го доставиле, а заради други причини ние сега го гледаме. Тогаш јавно прашувам зошто господине Чедо Петров вие имате депонирано потпис на одлука, со која барате да се продолжи рокот уште шест месеци. Сега ви не уверувате дека на време ги завршувате работите, а имате на нареднава седница ваш потпис, со кој барате Комисијата да продолжи да работи уште седум месеци. Сосема очигледно е дека ги барате роковите за пролонгирање, зошто не ги завршувате работите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште господинот Чедо Петров има реплика и ќе ги молам другите што се пријавија, двајца има уште, да се воздржат од реплики, бидејќи навистина не ќе можеме никако да ја завршиме седницата.

Значи уште ова право искористете го господине Петров и да завршиме со расправата.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Нормални се овие реакции и очекувани, кога беше спомнато за завршната сметка и усвоено од наша страна и е завршена работата.

Нема повеќе потреба и право на контрола на одредена завршна сметка. Сега ние покренуваме иницијатива во наредниот мандат да избереме нова комисија, која што ќе го контролира работењето на сегашната власт во 1999 година. Кого убедувате дека нема право да се формира Анкетна комисија, која што ќе ги провери јавните набавки во завршната сметка, односно во одредените министерства и јавни претпријатија и зошто ако е таа гласавте вие за формирање на Анкетна комисија, која што нема легитимитет, која што не смее да бркне во претходното работење.

Господине Поповски, ни во еден момент јас не реков дека сте виновни и за цело време се држам за квалификацијата, сомневање во злоупотреба на службена положба и овластување. Тоа е за она што треба да го проверите. Имате претставници. Вие го имате гледано. На основа на документацијата доставена од министерствата, конкретно МВР и Министерството за одбрана, на основ таа документација не може човек да не искаже сомневање, а обвинувањата за Јавниот обвинител, реториката навистина е карактеристична за вас, од невистина да правите вистина, да се обидувате да правите.

Меѓутоа, мислам дека е јасно, а јас до крај ќе се обидам да кажам што сум рекол. Најнормално е овој заклучок, односно Предлог - заклучоците се за поднесување до правосудните органи на оваа држава. Но, ни во еден случај не реков дека Јавниот обвинител чека на ова, па ќе покрене постапка. Јавниот обвинител може и без оваа документација да покрене постапка, до колку, било преку јавни медиуми или било преку што, дојде до информација, може да покрене постапка. Оценил дека треба да покрене постапка за еден предмет, за два предмети, за овие не оценил се уште, можеби нема доволно документација, можеби има, тоа е негова работа. Ние во работата на Јавниот обвинител не можеме да се мешаме.

Јас не велам дека после ова 100% Јавниот обвинител ќе поднесе и ќе ве затвори. Тоа не го реков. Ние како Комисија работевме и дојдовме до овие сознанија и на основ на тие сознанија, пристапот на таа документација искажавме сомневање што го даваме денес на увид на пратениците и тие ќе гласаат. Ние сме предложиле во записникот и даваме Предлог - заклучоци. Меѓутоа како тие ќе ги усвојат, дали ќе ги усвојат или нема да ги усвојат, тоа си е работа на секој пратеник кој можел да го проучи предметот и да види дали постои сомневање.

За личните, мислам групација и т.н., мислам не вреди да дискутираме. Целта ни е да ја приведам таа дискусија. Јас нема да ја прифатам. Тоа е на вас, на ваша чест и нека остане. Да се задржиме на дневниот ред, да го гледаме Извештајот и повелете Извештајот и Предлог - заклучоците демантирајте ги. Можеме да расправаме и предмет по предмет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам господа пратеници воздржете се од коментари.

Ова беше реплика помеѓу претседателот на Комисијата и...

Ве молам останатите тројца не треба да дискутираат, бидејќи премногу станува заморно овде да дискутираме и да се докажуваме едни кон други.

Можеме ли да ја заклучиме расправата.

(Се јавува за збор Томислав Стојановски).

Стојановски имаш право ти да се вклучиш во расправата, ама како дискусија, не како реплика.

Те молам немој да ја шириш понатаму дискусијата.

Видиш дека никој не сака да зборува понатаму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа дали ќе ми дозволите или не, ако немате согласност да седнам.

Меѓутоа сакам да направам некое разграничување во поимите со кои овде располагаме, односно ги употребуваме. Се употребуваат термини сомнение, обвинение, не обвинение. Дозволете ми само една работа.

Досега немав можност на господинот Никола Поповски да му честитам избор за потпретседател на нивната партија. Ова го користам сега јавно. Меѓутоа, ме извести денес дека тој не е пратеник во ова Собрание. И за тоа да му честитам. Тоа, бидејќи вели вие донесовте закон овде. А тој гласаше против, ама и тој го носеше законот, сите ние што сме овде, гласале или не гласале за законот и не може да се оградува оти некој донел или не донел закон.

Понатаму, господинот говореше за некое наводно сомнение, било опасност. Во правната практика и наука сомнението не оди на штета на осомничениот, туку во негова корист. Ако е ова сомнение, тогаш да си нема гајле. Во нивна корист е.

Понатаму, другиот дел, дека Јавниот обвинител ни доставил едно писание под име доверливо или строго доверливо, не го прочитав точно. Меѓутоа заклучокот таму е за мене неприфатлив, што го кажува господинот Никола Поповски, дека наводно обвинителот не покренал против него никаква постапка. Господа во тој извештај, во тоа писание нигде не кажува дека господинот, тука меѓу нас колега, не поведува. Тогаш ќе беше на место заклучокот на Поповски дека има сознание дека нема ништо. Правото на прогон на Јавниот обвинител останува до крај, односно до моментот на застареност.

Што се однесува до тоа на кои основи Јавниот обвинител покренува или не покренува постапка, во законот е децидно кажано. Тоа е на ноторни факти. Тоа е на основа на пријава и последно на основа на лично запазување. Дали сега некој што ќе го извести за некоја работа ќе биде основ за покренување. Теоријата за политички притисок и зависност врз Јавниот обвинител сака да се искаже и да се анулира наодот и мислење на Комисијата. Притисокот, ако го така работеле господинот Поповски и неговите пријатели, односно сопартијци, дека вршеле притисок да нешто работи или не работи, тоа е нивни проблем. Овде Јавниот обвинител е овластен да гони дела по службена должност.

Овде имаме еден извештај на Комисијата. Комисијата согласно член 76 од Уставот на Република Македонија, се формира за испитување на околности од јавен интерес. Откако тоа ќе го направи има можност по исто овластување да ги извести надлежните органи, ако се во нешто сомнева во тој јавен интерес. Па сега говорам што е јавен интерес. Дали не е јавен интерес за Република Македонија да постави прашање околу така наречениот Фонд, каде потрошени 2.100.000 марки. Нема од нив податок каде се. Дали давање аванси за набавка од Министерството за одбрана, на одредени апарати во здравството, платени аванси пред една година, а апаратите не стигнале ни ден денеска. Дали тоа не е јавен интерес. Ако тоа не е јавен интерес, јас ќе се повлечам. Значи ако некој остане без аргументи, или ако не познава процедура, ќе се повика дека некој

само не основано го товара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господа пратеници, бидејќи многу инспиративно делуваше излагањето на господинот потпретседател, се пријави една цела група пратеници, јас седницата сега ќе ја прекинам и ќе продолжиме утре во 11 часот, бидејќи имаме пријавено 15 дискутанти. Јас немам намера до полноќ да ве држам.

Ве молам седницата ја прекинувам, продолжуваме утре во 11 часот.

(Реакции во салата).

Ве молам, штом ве има толку многу, сакате да расправаме, ќе расправаме и утре.

Ве молам влезете внатре, седнете на своите места и службите нека поминат да ги земат празните картички, а вие господа пратеници притиснете на едно од копчињата, да се провери вашата присутност.

(Седницата прекина со работа во 21 часот).